**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од деветтото продолжение на Педесет и седмата седницата на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 30 октомври 2000 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Илјаз Халими, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дами и господа пратеници, го отворам деветтото продолжение на Педесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Ванчо Ѓорѓиев, ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува седницата.

Ве молам да притиснете на едно од копчињата за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 64 пратеника.

Констатирам дека присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме по првата точка од дневниот ред.

За реплика се јави координаторот на Пратеничката група на ВМРО -ДПМНЕ, Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, јас за реплика се јавувам во свое лично име, не како координатор на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ на последната дискусија на пратеникот Ненад Ристовски од минатата седница.

Во мојата реплика нема да ги коментирам мотивите што го раководеле господинот Ненад Ристовски да премине во друга партија и да развивам полемика дали се тие од материјална, идеолошка или некаква трета природа, затоа што тоа е, на крајот на краиштата, негов проблем, а ние имавме многу пати прилика да се изнаслушаме од него и нему сличните, при што пројавивме голема доблест и трпение на се и сешто искажано од нивна уста.

Бев во дилема дали заслужуваат реплика и дали да реплицирам на оние делови што беа упатени лично на мене. Се одлучив, а тоа се однесуваше на тоа дека јас сум бил организатор и одговорен на протестите пред куќата на Ненад Ристовски и дека граѓаните на Куманово знаат кој е Ненад Ристовски, кој е Чедомир Краљевски.

Се одлучив да реплицирам во функција на демант, не заради Ненад Ристовски, туку заради неговите родители, неговото семејство и заради пошироката јавност.

Во името на вистината пред бога и пред себе, јас за протестите пред куќата на Ненад Ристовски дознав од локалната телевизија вечерта околу 21.00 часот. Утредента дадов изјава за локалните медиуми и во таа прилика и подоцна сум изјавил: "Демократско и уставно право е на пратеникот да одлучува по свое уверување", па од тоа основно право се изведува и правото на напуштање на матичната пратеничка група и преминување во друга. Притоа, дискутабилна е моралната димензија на тој чин, односно недоследноста кон политичката база или партијата и во крајна линија кон електоратот. Следствено на ова го разбирам и протестот на граѓаните во смисла на член 21 од Уставот на Република Македонија, кога граѓаните имаат право мирно да се собираат и да изразуваат јавен протест, без претходно пријавување и без посебна дозвола. Притоа се оградив од екцесните дејствија на поединци што спаѓаат во сферата на прекршочна одговорност.

Констатацијата на господинот Ненад Ристовски дека граѓаните во Куманово знаат кој е Ненад Ристовски, а кој е Чедомир Краљевски, алудирајќи и истакнувајќи ја при тоа субјективно и самобендисано сопствената позитивност во однос на мене, јас сепак би ја препуштил да ја донесе некој трет.

Почитувани колеги, не само изреченото, туку и начинот на кој говореше Ненад Ристовски говорат за него за каква личност се работи. Во овој момент само ќе изразам сомнеж дека човекот од чии очи блика злоба и омраза, човекот кој поради сопствените фрустрации потсвесно гаи фирерски амбиции, човекот кој е заљубеник на хитлеровите дела, човекот лекар кој менгелеовски е заљубеник и познавач на пиштоли од различен калибар. Човекот кој спие со репетиран пиштол под јастук, човек кој се шета по болничките ходници низ болницата во Куманово со пиштол и им влева страв на своите колеги. Човек кој се јавува по телефон и уценувачки се

заканува дека ќе ликвидира некого. Човек кој упаѓа во туѓи домови и со пиштол во рака разулавено мавта и се заканува на жена во присуство на нејзините малолетни деца и притоа го тепа нејзиниот маж. Со еден збор човек конфликтна личност кој во своето излагање полемизираше со скоро половина Парламент овде, човекот Ненад Ристовски може да биде синоним на човек што врши функција пратеник и реално да ги артикулира политичките интереси на сопствените избирачи.

Поради тоа, апелирам до вас четворицата од ВМРО - ВМРО, бидејќи Ѓорѓи Тодоров мислам дека е безнадежен случај. А што можам да мислам за човек кој пука во луѓе со голема веројатност да убие некого од нив, при што само случајност ги спасила луѓето од смрт, да не ракоплескате и да не се солидаризирате со овие двајца, бидејќи ракоплескањето и солидарноста е својственост за една мала група луѓе кога им е потребна некаква дополнителна храброст, туку децидно да се дистанцирате од нив двајцата, затоа што очигледно дека тие двајца не можат да се носат со функцијата пратеник. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Чедомир Краљевски.

За реплика се јави пратеникот Ненад Ристовски.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Господин потпретседателе, дами и господа, јас нема да читам, бидејќи нема потреба некој да ми пишува, но сепак не можам, а да не одговорам на овие, незнам како да ги кажам, зборови со гнасни навреди од човек кој, според самиот себе си, треба да се процени пред да ги каже.

На македонската јавност ќе им го дадеме ова писмо, писмо на уцена од господинот Чедомир Краљевски и на него ќе му го дадам да потврди дека е тоа негово, каде тој истиот ме уцени пред гласањето за Законот за високо образование.

(Го покажува писмото на пратениците).

Тоа е класична уцена, ви го давам на сите да го видите, зошто овој човек би гласал за тој Закон и дека сите репресалии што ги врши тој и господинот Даравелски врз мене во изминатите две години, ќе бидат повлечени. Ова писмо не може да го напише човек кој од оваа говорница ќе излезе и истиот ќе дели морални поуки.

Господине Краљевски, вие се признавте она што јас ве обвинив. Признавте дека сте излегле на телевизија, така признавте дека сте го оправдале чинот на собирање, како демократски чин, го признавте линчот, бидејќи сите знаат (реакција од пратеникот Краљевски од место), чекајте, тоа не беше спонтано собирање, тоа не беше ни мирно собирање, бидејќи дури и телевизијата пренесуваше кадри од таа спонтана група, која ми го демолираше домот, а исто така Куманово е близу до Скопје, па секоја телевизија и секој фактор тоа може да го утврди.

Овие гнасни навреди што ги кажавте се без подлога, сите така наречени кривични пријави што ги формиравте против нас и онаа против мене по моја информација се повлечени како неосновани и кај ви е доблеста, вие сте правник, од ова место без докази, без никакви аргументи, вие ја знаете постапката, докажете ги и потоа можете да ги терате. Инаку, ова е начин да се злоупотреби јавната говорница за дискредитација на некоја личност. Пак повторувам сите знаат кои сме и вие и јас.

Друга работа, јас ќе си го бранам моето семејство, бидејќи не сум го создал за хулигани, користејќи политичка моќ да си зема за право да ми го урнисаат домот верувајте, бидејќи правната држава се стави на страна на хулиганите, бидејќи вашиот зет, исправете ме ако грешам, господинот Тасоја, добро, зет, инаку вујко му е господинот Стојановски беше пред мојот дом и раководеше со толпата, разберете во оваа држава вие им покажавте на сите граѓани дека не постои правна држава. Овде многу лесно одите со такви квалификации, некој се обидел да убие. Јас ви гарантирам дека против Ѓорѓи Тодоров се работи за монтиран случај, ќе излезе, во ред (разговараат меѓу себе) како што гледам вие изгледа и во доказната постапка сте вклучени, инаку ова писмо ќе го дадам сега на новинарите да видат кој е господинот Чедомир Краљевски. Ова е уцена, после ова се надевам на твојата целосна кооперативност. Тоа беше пред Законот за високо образование. Не сакам да се спуштам на вашето ниво, дојдете реплицирајте и потоа ќе зборуваме.

Тоа е првата реплика, а другата реплика што ја кажа господинот Флоровски, жал ми е што не е тука, бидејќи

немате аргументи одите со гнасни квалификации за некои членови од нашата партија.

Ние како партија Вистинска македонска реформска опција ја повторуваме нашата покана до вас, ние бараме вие да формирате, бидејќи одбивте на Собранието, Анкетна комисија која ќе ги утврди сите наводно криминогени дејствија на раководните структури од партијата, се мисли на господинот Борис Стојменов и на таа комисија ние бараме претседател на биде господинот Флоровски. Тоа ви го даваме (му го дава писмото), а вие наместо да одите по весници, изгласајте ја таа комисија и докажете ги тие работи. Ќе видите дека со памфлети не се оди никаде.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Ненад Ристовски.

За реплика се јави господинот пратеник Ѓорѓи Тодоров.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, од господинот Чедомир Краљевски да не нарече безнадежни случаи, мислам не сакам да се симнувам на негово ниво затоа што од него по безнадежен случај нема. Затоа што стои зад Влада што прави конструиран случај за обид за убиство. Во светот за такви дела се даваат оставки на комплетна Влада, а Владата упорно понатаму работи на монтиран случај за обид за убиство. Јас би го прашал господинот Чедомир Краљевски, кога би се нашол во една таква ситуација кога пред неговиот дом ќе дојде разјарена толпа мотивирана, алкохолизирана и незнам кои други наркотици може да им е дадено како би постапил тој во такви случаеви кога таа толпа ќе се обиде да навлезе во неговиот двор, да го линчува него и неговото семејство, да изврши хулиганско дејство врз неговиот дом, демолирајќи го неговиот дом и неговата кола. Само нека појде од себе ќе сфати што значи тоа, а за монтираниот случај каде Владата упорно и понатаму стои зад него, мислам дека ќе дојде ден кога таа ќе падне и ќе си даде оставка за таквиот случај, односно ќе дојде ден кога ќе одговара за такво кривично дело, ќе биде гонета кривично. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Ѓорѓи Тодоров.

Дали се јавува друг за реплика?

Потпретседателот на Собранието Томислав Стојановски.

(Реакцијата од пратениците дека не е спомнат).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа, никој не ме спомнавте, но ако се сеќавате во петокот заврши еден дел од седницата. Јас ја водев седницата и не можев ништо да говорам, ниту да приговарам. Се работи за еден изразен страв. Господинот Ненад Ристовски се јави овде и кажа дека се плаши оти ќе настрада ако јас ја водам седницата зад него, зад грб, а пред себе го има Чедомир Краљевски, па се плаши, да не нема нас, ќе говори. Чудна работа ние бевме, а тој пак говореше.

Не сакам повеќе да кажам ништо освен она што Ненад го претстави. Господинот Ненад Ристовски во својот говор потенцира оти дознал и сознал од луѓе кои го почитувале. Тоа не го оспорувам. Дека ќе има наводен напад на неговата куќа и тој организирал камери да се сликаат настаните. Се говори за некој страв, за некоја закана, за некоја изнудена положба. Човек, наместо да добие страв, ангажира камери да сликаат.

Вториот дел дека бил нападнат и дека бил присилуван на нешто. На 26 август оваа година утрината околу 7,30 часот, не повикан влегува во куќата на Билјана Наковска и нејзиниот маж Марјан, каде се и малолетните деца. Со пиштол во рака да ја праша, зошто како негов гласач дошла пред куќата во претходниот ден.

Господа, човек кој се осудил да оди со оружје некого да присилува, да го прашува и да го тепа во куќата, јас незнам што да му се верува, што да не му се верува. Јас говорам само дали човек кој држи пиштол во рака и оди од куќа на куќа ќе може да биде загрозен? Тврдам дека не.

Господинот Ненад Ристовски ни држеше предавање оти знаел како доктор што значи прострелна рана, што значи закачена коска со метак или не. За да му кажам една негова стручност, да му подарам доверба, да му се заблагодарам за неговото знаење, за неговата сервилност спрема болните, за негова сервилност спрема заклетвата што ја дал како лекар го повикувам да прочита за Сашо Петров, (покажува ренгенска снимка) левата подлактица, дали е скршена или не. Ништо повеќе не барам од него. Исто така, морам да го спомнам и господинот Ѓорѓи Тодоров, ова било пред неговата куќа.

Господа, ако се сеќавате господинот Кол ја обединил Германија, што беше разделена како воен плен на сојузниците по Втората светска војна. Што се случи? Кол ја обедини после една година дојдоа луѓе незадоволни од неговата политика и го маваа со јајца. Кол не дојде да дигне пиштол да пука во тие луѓе, туку изјави една ваква мисла. Ова се негови зборови: "Не го гибајте граѓанинот, дајте да го прашам каде јас згрешив, што тој одлучи да ме мава со јајца". Дали сега господинот Ѓорѓи има еден таков третман, едно такво уверување луѓе кои ќе се јават пред него, кои гласале, кои го сакале, го почитувале затоа што бил припадник на една друга партија, ќе пука. Ја имам само снимката од едното момче (пак ја покажува снимката), а снимката од скршената надколеница допрва ќе ја добиете сите пратеници. Тие луѓе изјавија посебен револт. Утрово беа кај мене. Сакаа да дојдат овде. Јас им реков дека овде не е судница. Само сакам да укажам да се престане да се прават глупости и некој да изигрува херој.

Господа, дали некој ќе оди од една партија во друга, тоа е лично негова работа. Ако партијата, односно средината не го прифати и неговите замисли таму не можат да се остваруваат, подобро е, почесно да отиде во друга средина која ќе го прифати, меѓутоа, народот вели ‟копај нов бунар, но
во стариот не плукај‟. Зошто овие луѓе се одлучија да плукаат во бунарот - изворник од каде дојдоа на оваа власт, да можат тоа да го чинат. Пак говорам, тоа е еден од документите кој говори за Василие, за употреба на пиштол, за пукање во маса.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

(Продолжение)

Господа, ни се приговара дека немаме правна држава, дека органите на државата не функционираат. И јас се согласувам дека не функционираат. Ако некој со пиштол пука во 200 луѓе, навистина требаше да биде во затвор, а не овде да ни држи предавања. Тоа е, и се согласувам со нив дека органите на прогонот навистина не функционираат.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на потпретседателот во Собранието г. Томислав Стојановски.

За реплика се јави координаторот на пратеничката група на ВМРО -ДПМНЕ, Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Се јавив за реплика само да го обнародам ова писмо што г. Ненад Ристовски го именува како уценувачко писмо. Во интерес на вистината да дојде пред јавноста, да не останат некои енигми, јас ќе ви го прочитам ова писмо. Ова писмо му го напишав во една прилика кога исто седевме овде во Парламент, седницата беше во тек и јас на оваа седница го напишав еве на овој бел лист и преку Крале Спанчевски му го додадов на Ненад Ристовски, кој седеше до Александар Талевски. Писмово гласи: - Здраво Нешо, на мое лично инсистирање и по извршеното влијание во Општински комитет Куманово (и покрај мојата збунетост и резерва зошто тоа зависело од мене и од Општинскиот комитет Куманово), дадена е императивна препорака до директорот на Медицински центар Куманово, да ти потпише документ за субспецијализација во Скопје.

Овде стои мојот потпис.

Пост скриптум - после ова се надевам на твоја целосна кооперативност.

Еве го признавам јас тоа дека сум го напишал. Каква уцена има овде? Овде се работеше за инсистирањето на г. Ненад Ристовски да добие субспецијализација која не му припаѓа според редот на нештата затоа што таа субспецијализација треба да му ја даде директорот на Медицински центар Куманово или колегиумот таму. Меѓутоа, тој инсистираше јас тоа да му го направам, да му помогнам јас со мое влијание врз директорот на Медицински центар Куманово, јас да го замолам директорот. Јас затоа велам, овде и покрај мојата збунетост и резерва, зошто тоа зависи од мене. Тоа е тоа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на координаторот на пратеничката група на ВМРО -ДПМНЕ Чедомир Краљевски.

За реплика се јави пратеникот Ненад Ристовски.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Јас мислам дека после ова г. Краљевски не треба веќе ништо да каже. Ако ова не е своевидна уцена, што е?

За информација, да не одите лево - десно, да кажам:

Пред 15 години сум завршен лекар со еден од највисоките проценти на

Медицинскиот Факултет 9,6%, пред рок. Пред 15 години.

Седум години сум специјалист по хирургија и да не спомнувам за некои други дипломи, имам и на друго одено со 9,6%. Вие ли најдовте г. Краљевски да излезете и на мене нешто да ми кажете.

Тоа не е ништо друго туку своевидна уцена. Беше дадено пред да се гласа Законот за високото образование и тука во пост скриптумот, што сите ќе го видат, вика, се надевам на твоја целосна кооперативност. Тоа беше гласањето за Законот. Ова е класична уцена. Сега ќе се даде и ќе го видат сите. Благодарам за она што се вели јавноста што му ја дадовте.

Сега за г. Томе Стојановски.

Господине Стојановски, вие немате доверба во правната држава, во вашиот министер за внатрешни работи, во целата постапка на инспекторите.

Јас ве прашував од каде ви се такви документи кои се за во постапката, да ги изнесувате тука. Ве молам докажете ја постапката. Јас ништо не побарав туку независен лекарски тим да ги прегледа болните.

Да се потсетиме, тие болни беа ставени во карантин, да не ги види никој, па дури ни потпаролот, г. Данило Глигороски. Зошто? За да има доволно време да се монтира нешто. Ние ги имаме снимено сите изјави на лекарскиот тим што ги имаше по повод оваа работа. Не влегувајте подлабоко од она што е. Подобро признајте ја вината до таму каде што е и со тоа ќе може барем да направите отстапка. Вака влегувајќи, каде се министерот за внатрешни работи и другите да ја докажат постапката. Ова се тие монтирани работи. Мислам дека секој граѓанин во Републиката веќе се плаши кога може еден потпретседател на Собрание да излегува да мавта со некакви снимки тука, а јас мислам дека таа снимка треба да е во рацете на органите на МВР, да се испита дали е точно.

И, уште нешто. Јас имам една слабост, решавање на крстословки. И таму, можам да ви кажам, како синоним за превара, измама, стои името Далавера. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Ристовски Ненад.

За реплика се јави потпретседателот на Собранието, Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господо, јас носам семејно име Даравела, а не Далавера. А потврдено од тоа господинот потекнува од семејство ќор Борис. Сега дали да му го препишам на него да е нешто друго Борис.

Друго, јас не мавтав, го викам него. Ова е документ на човекот кој бил во болница, односно раката му е сега и мобилизирана. Раната постои, скршеницата на коската јасно се гледа.

(Реакции во салата, чија рака).

Дозволете, ако сакате да кажеме чија рака, тврдам дека не е на Бузлевски.

Кога рековме кој треба да води постапка, постапката треба да ја води суд. Полицијата никого не обвинува, полицијата никого не тера во затвор, полицијата никого не апси за тоа што ќе направи. Таа го обезбедува, а тоа го прави судијата. Судијата донесува решение за притвор.

Овде постапката пред Општинскиот суд што се води против Ѓорѓи, таму истражниот судија нека одговори зошто тоа досега не го направи, а постои предмет каде тие две момчиња утре ќе бидат распрашани за околностите како тоа било и што било. Во постапката ќе се утврди чија е оваа слика. Тие момчиња сега пак не се фалсификат, се на рехабилитација, баш од овие повреди.

Јас не знам, не сакам да говорам. Ненад викаше дека нема таква работа, јас сум специјалист. Го повикувам како специјалист да ја види оваа снимка дали има скршеница или нема. Само за жал, не е ортопед и затоа ќе му верувам дека како хирург не знае ортопедија.

И по однос на она писмо што го спомна Чедо, јас господа говорам кратко и јасно: со тој г. Ненад во оваа сала овде, нека има сила нека каже не, разговаравме, не веруваа дека има потреба да биде субспецијализација. Се согласив да дојде, да посредуваме во Медицински центар, да го употребам својот авторитет. Тоа не го порекнувам. Кога е потпишано ова, нека каже. Од каде измисли сега Законот за високо образование. Нема Влада врска со оваа работа. Јас не сум Законот за високо образование. Тоа се предложи на пратениците овде. Како гласал не ме интересира. Што

правел не ме интересира, затоа што пратеник за свој збор и глас не може пред никого да одговара. Тоа го почитувам и останувам на таа работа.

Господинот Ненад нека води сметка. Во овој предмет се јавува како сведок. Му давам совет како родител, да знае дека има и едно кривично дело, давање на лажен исказ. Тој може политички што сака да прави.

Господине Ненад, ти се обраќам тебе лично. Постојат две одговорности, политичка и кривично-правна. За политичка одговара само политичар, а кривично-правна одговорност е за сите, без разлика на неговото својство. Ако е непресметлив, тогаш нема одговорност. Ако прифатите таква квалификација, не ве викаме за сведок. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на потпретседателот Томислав Стојановски.

Повторно за реплика се јави господинот Ѓорѓи Тодоров.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитувани господа пратеници, денес го видовме соучесникот т.е. организаторот и нарачателот на спонтаните толпи пред нашите домови, како упорно се тврди да го одбрани она што не постои. Денес тој се постави во улога и на стручњак од областа на хирургијата, од областа на ортопедијата. Се постави во улога на тоа да го заплаши г. Ненад Ристовски, дека давање на лажна изјава е кривично дело.

Јас би го прашал дали тој е свесен дека прави кривично дело со тоа што е соучесник во монтажа за кривично дело, односно за убиство во обид. Дали сте свесни г. Стојановски дека власта е релативна работа и дека утре кога ќе помине оваа власт, ќе одговарате кривично за тоа, затоа што овде, од оваа говорница, сведоци не треба посебно да викаме, сведоци ќе бидат цела македонска јавност. Ве слушаше цела македонска јавност, како мавтавте тука со нечија слика, а и самиот не знаете чија е таа слика, бидејќи г. Сашо Петковски за кој рековте дека е негова, знаеме, за време на локалните избори во вториот круг, во Автокоманда се однесуваше многу херојски, ги искрши гласачките кутии, направи бунт на самото гласачко место, а за тоа, колку што знам, имам информации, добил награда, стан во Лисиче, за работата која што ја завршил.

Јас овде пред целата македонска јавност, бидејќи сум христијанин по вера, православен, се колнам дека она што го кажав тогаш е вистина, дека не сум пукал во никакви толпи, во никакви луѓе, бидејќи во моментот зад себе ја слушав ќерка ми како писка заедно со мојата сопруга, кога вашите организирани и спонтани толпаџии мавтаа со камења. Само сакам да го доживеете тоа, тоа да ви се случи за да сфатите каде сте, што правите. Во тој контекст сакам да ве запрашам г. Стојановски од оваа говорница да изјавите и да се заколнете пред македонската јавност, во се што ви е најмило, ако ја зборувавте вистината, бидејќи ќе дојде ден ќе се докаже тоа и ќе одговарате за тоа. А јас во тој контекст ќе кажам, прости му господе не знае што прави.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Тодоров Ѓорѓи.

За реплика по трет пат се јавува потпретседателот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Да му одговорам на Ѓорѓи.

Рече дека сум организатор, дека сум нарачател на толпата која го нападнала. Кажа дека тој е христијанин и ќе се колне. Знаете ли во мојата 40 и повеќе годишна пракса по кривично право, сите криминалци се колнеа во се и тоа не ми е чудно.

Меѓутоа друго ме поттикна. Бидејќи човекот не знае, нема ориентација за време и простор, од 23 до 28 август јас престојував во Полска. Од таму замислете ги собрав луѓето, ги одведов пред станот на Ѓорѓи Тодоров, ниту го знам кај живее, ниту знам дали му е куќа или што ли е.

Тој тврди дека јас мавтам со некој документ. Не повика никој друг, јас не кажав тоа е мој документ, туку кажувам на кого е. Што ви даде за доказ дека тоа не го направил. Сам тврди дека пукал, сам дека никој не влегол во неговата куќа. Може ли некој да пука на улица. Господа, разберете, во овој момент пластично да сфатите што е разликата меѓу мене и Ѓорѓи. Во овој момент одат луѓе по улица и свиркаат. Ние сме загрозени овде затоа што сакаат да не тргнат од власта, па да земеме пиштоли и топови да пукаме во нив. Тоа ли ќе биде одговор на

христијанин. Христијанин не убива, христијанин не пука. Христијанин повикува удри ме по овој образ, еве ти го и другиот. Во кое христијанство ќе се колнеш? Во христијанство на пиштол? Пиштолот е варварска работа. Вие викавте немате одбрана, немате ништо. Мене ќе ми кажувате што е нужна одбрана и што е кривично право? Јас ништо не ви кажав. Вие тоа сте го правеле. Ме повикавте да бидам организатор. Колку сум јас организатор, одговорете сега вие. Јас не сакам да повикувам, меѓутоа, од ова Собрание овде во салата има особа која била со мене. Меѓутоа, за 10 мин. ќе ги донесам и официјалните документи каде сум бил. Така ќе кажам што е мојот одговор, а не дали сум паметен или не сум. Имаме да цениме логична и вистинита одбрана, а не невистинита и нелогична одбрана. Јас нема од што да се бранам, немам потреба, никој не ме тужи мене. А вие г. Ѓорѓи потегнавте пиштол. Среќа е што Господ бил со тие луѓе, а не Ѓорѓи. Ѓорѓи беше ѓавол таму кој пукаше во луѓе и има двајца млади луѓе, немаат по 30 години тие момчиња. Да ги видите, едниот цел живот ќе остане сакат со левата нога. Вие го осакативте и сега имате смелост да го направите бандит. На другиот скршивте рака. Да го поставите бандит. Тоа може да го прават, говорам од пракса, тоа го прават само окорелите криминалци, пред судовите. Луѓе кои ќе направат нешто од нужда, бараат оправдување велејќи згрешив, згрешив, помогнете ми како да се исправи тоа. И една политичка болест не може да се покрие со криминал.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на потпретседателот Стојановски.

Деловнички сака да интервенира г. пратеник Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас мислам а и многу мои колеги овде имаат еден личен впечаток. Избегавме од темата и од намерата што беше декларирана овде, кога се согласивме овие работи да ги разгледаме.

Ние треба да одиме кон една општа осуда на насилството што беше искажана, а не овде да водиме судски процес и да ги мериме доказите на еден или друг. Затоа, по мое мислење, ако можеме да ги мериме зборовите и меѓусебните навреди, бидејќи тоа многу лошо делува. Да се почитуваме ние како пратеници, а со тоа ќе покажеме дека и граѓаните треба да имаат почит. На тој начин ќе го обориме сопствениот углед.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Стојан Андов.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас ја прифаќам интервенцијата на г. Андов. Меѓутоа, темата е заштита на пратеници од насилие. Овде ние не можеме да прифатиме анблок насилие. Треба да видиме од чија страна е насилието и тогаш да го штитиме тој што е насилуван, а не само да имаме претпоставка, затоа што г. Ѓорѓи и г. Ненад кажале оти биле насилувани и готово, ние ќе клекнеме, опростете и така. Тоа не е деловничко прашање.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За реплика се јавува г. Ненад Ристовски.

(Реакции во салата).

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Според Деловникот секој пратеник има право на говор, има право и на реплика и тоа три пати право на реплика. Ова е по трет пат што се јави г. Ненад Ристовски, да му дадеме можност да реплицира и тоа 2 минути. Ве молам тоа да го почитувате.

За реплика се јави г. Ненад Ристовски.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Од оваа говорница беа искажани многу навреди, многу тешки зборови. Ние знаеме дека потпретседателот кога мисли дека не го следат микрофоните, камерите, знае и да псуе пратеници, знае да вреѓа, знае и да плука, веројатно затоа е и во првиот ред.

Ние баравме уште пред неколку дена, она што целата македонска јавност го слушна, а тоа беа пцости спрема еден наш колега пратеник, да се извини. Веројатно, бидејќи тоа го смета за нешто добро и одговорност за неговиот карактер, тој тоа не го направи. Така да било какви навреди што овде ќе дојдат од негова страна, веќе на сите нас ни се без предметни, бидејќи доаѓаат од човек што со тоа се гордее.

**НЕНАД РИСТЕВСКИ:** (Продолжение)

Што се однесува за дедо ми, благодарам што го спомнавте, бидејќи убаво кажавте како го викаа во Куманово, го викаа Борис, имаше слаб вид, но едно знајте. Во Куманово секој што ќе си го добие надимакот, го носи поради тоа што го заслужува, мислам во однос на вашиот надимак.

Одиме понатаму. Вие овде дојдовте да бидете во судница, ние не сме во судница, не се судиме, кај вас апелираме да

заживее правната држава и овие процеси, за кои велиме дека се монтирани, да одат до крај. Што мислите вие кога излегувате тука и носите некои ренгенски снимки, дека нешто разбирате од медицина, или така? Кој ни гарантира на нас дека тие снимки се конкретно од луѓето? Ние бараме, минатиот пат побарав јас Комисија од Лекарската комора да ги прегледа овие болни, да направи нови ренгенски снимки, да ви кажеме ова што вие го рековте не може да исчезне за два три дена, така да вашите, прво и прво незнам зошто се кај вас, зошто не се кај министерката, дали таквите снимки беа планирани, од некаде земени за да е направи овде некој ефект, од жртвата да се направи нешто друго.

Имавме еден случај, скоро во весници прочитавме на определен граѓанин му е дадена кривична пријава, иако тој е мртов. Вие изгледа и мртвите ќе ги судите затоа што се нашле на трајекторијата на куршумот. Сфатете, секој знае што е жртва, а кој е предизвикувачот на дејствието. Да излегувате на оваа говорница, да ја злоупотребувате немајќи аргументи за она што е тема, изборниот процес, насилието мислам дека вие лошо ја браните партијата ВМРО - ДПМНЕ.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Ненад Ристевски.

По трет пат, последен пат за реплика се јави г-динот пратеник Ѓорѓи Тодоров.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Денес г-динот Томислав Стојановски незнам дали е свесен, но жртвите ги направи извршители, а извршителите жртви. Јас уште еднаш ќе го повикам доколку ја зборувавте вистината г-дине излезете и заколнете се во се што ви е најмило дека ја зборувате вистината и тогаш ќе ви верува и целата македонска јавност и јас.

Пак ќе кажам, прости му Боже Исус Христос, не знаел г-динот Томе Стојановски што прави.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Ѓорѓи Тодоров.

(Реакција на г-динот Томислав Стојановски од место, бара да се заколне).

Да прекинеме се репликите.

Има збор госпоѓата пратеник Илинка Митрева.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Г-дине потпретседателе, колеги пратеници исцрпени се според мое мислеше сите аргументи, кои што ја градат сликата за нерегуларностите за време на локалните избори во Македонија оваа есен, 2000 година, но и покрај тоа јас се јавувам за дискусија за учество во оваа расправа затоа што сметам дека се неисцрпени и неисцрпни аргументите против организаторите на изборниот терор, владеачката коалиција.

Ако ја резимираме суштината на расправата што ја водевме во 9 - 10 продолженија на ова Собрание, ми се наметнуваат две линии, или се оцртуваат две главни теми затоа што ние всушност сите овде зборуваме за демократијата и за стравот. И тоа зборуваме за демократијата, затоа што ја нема и зборуваме за стравот затоа што го има. Наспроти основното значење на зборот демократија, етимолошкото значење на зборот демократија - владее&е на народот, ние овде во Македонија се соочивме со едно сулудо, со едно репресивно владеење на една мала група, на една мала каста алчни, неспособни и неодговорни луѓе, мала група но со неограничена волја за власт.

Наспроти основниот постулат на демократијата – човекот како суверено и слободно битие, се соочивме со тотално отсуство на грижа и чувство за човечкиот живот повторно од страна на оние што денес владеат во Македонија.

Наспроти основното слово, наспроти азбуката на демократијата, а кое што е содржано во она што се вика процедура, постапка ние овде во Македонија видовме пред, за време и после локалните избори дека владеачката гарнитура, не ја познава ни првата буква од демократијата, она што ги прави општествата демократски, правната држава.

Уште повеќе не остана ниту една институција во оваа држава која што од оваа власт не доби деградирачка квалификација, етикета и која што од неа не беше спречена во извршувањето на нејзините функции.

Да почнеме од Парламентот. Парламентот е понижен и исмејан, Владата се постави над него, го узурпираше мандатот што на пратениците им го дава народната волја и покажа дека всушност и не ја интересира што се случува, еве овие празни клупи...

(Со рака покажува на клупите за Влада).

Наменети за Владата го покажуваат нивниот однос кон Парламентот.

А, да потсетам, еден ситен партиски загар, кој што привремено ја врши улогата на владин потпарол, се дрзна нас овде 120 пратеници да ни ги оценува менталните способности, не нарече глупави. Почнав од Парламентот и дозволете ми да продолжам.

И судството е омаловажено и потценето. Слушнавме од високи функционери на Владата дека Уставниот суд е антиреформски, дека Врховниот суд е национал шовинистички, а богами добивме и едно јавно признание од оваа говорница дека судиите во изборните комисии се бираат по партиски клуч, дека за нив се бара подобност, онака како што тоа се правеше во бившите режими.

Не беа пропуштени ниту независните медиуми, оние кои што изиграа исклучително значајна улога во овие две години, а особено во периодот на изборите, претседателските и локалните, давајќи објективен приказ на она што се случува. Заради тоа го заслужија епитетот платенички.

Академијата на науките е прогласена за анахрона. На Универзитетот по се што сега е случува во последно време му е одземена автономијата. Се пребројувам и констатирам дека во сиот хаос на ова владеење постои сепак систем, методично се оди во прогонување и дискредитирање на се што мисли и дејствува различно од владеачката елита.

И нормално, тука веднаш, неизбежно се соочуваме со втората тема, темата на стравот, за која што секој од вас претходно по нешто кажа, а ќе кажам и јас.

Стравот колеги пратеници во Македонија има две димензии. Најпрвин тука е стравот на владеачката елита од губењето на власта, исход што инаку знаете е неминовен. Власта тоа го знае и реагира панично и агресивно. Наспроти отсуството на координација и компетентност во извршување на владините обврски кај коалиционите партнери нив паниката не ги спречи да постигнат речиси идилична хармонија во распределбата на типовите на ресор што секој од двата водечки партнери на коалицијата треба да го спроведува. Значи, има фина хармонизирана, идилична поделба во вршењето на теророт.

Едните, или едниот коалиционен партнер е експерт за машински, за друмски разбојништва и за шверц од секаков вид.

Другиот е тој што институционално преку механизмите на власта под изговор дека го спроведува законот и дека врши проверка на легалноста всушност повторно разбојнички го спроведува сопствениот закон, законот на Љубчо кој што гласи: "Растурај до крај".

Третиот партнер, кој до вчера беше немушт сведок на се она што се случуваше во државата, еве сега после деветиот круг се реши сепак да прозборе.

Втората димензија на стравот, за која што сакам да зборувам пред вас колеги пратеници е таа што сите нас не засега, а тоа е стравот на народот. Пред народот се наметнува прашањето и го изговара, ако на едни локални избори, кои по нивно сопствено признание се неважни, маргинални власта ни ја понуди сликата на очајник кој не бира средства за сопствениот спас што ли ќе се случи утре, задутре по една година, по две години кога ќе дојдат на ред парламентарните избори.

Еве која е опасноста. Ако состојбата на страв стане мерка на секојдневниот живот, страв за преживување, страв за работа, страв за иднината на семејството, страв за сигурноста на домот, страв за изговореното мислење, страв како што тоа им се случи на нашите колеги пратеници од ВМРО - Вистинска, од линчување, сочувствувам со ужасот што тие го преживеја во тие денови и за кој што и овде во Парламентов и во јавноста бевме запознаени. Значи, ако стравот стане мерка за секој аспект на нашиот секојдневен живот, каква ли тогаш ќе биде колеги пратеници мерката, кои ли ќе бидат параметрите на став што ќе ни ги наметнат овие владетели на парламентарните избори.

И тука не е крајот. Евидентно е дека во една ваква ситуација на страв полесно се релавитизираат и поминуваат катастрофалните, катастрофичните потези што ги влече оваа власт во секој домен. Она што уште вчера не скандализираше и како граѓани и како пратеници и не правеше несигурни денес ни се чини како розова градина. До вчера, на пример кога ММФ ќе ни скратеше некое милионче ни се дигаше косата на глава. Денес, кога ни го откажуваат договорот, кога се на пат да не шутнат искрено речено никому ништо, се свикнавме. До вчера, на пример, се револтиравме од тоа што не ставија во Западен Балкан, нас лидерите на Југоисточна Европа кои што не сакаат да се споредуваат ниту со Бугарија, ниту со Романија, кои што сметаат дека се шампиони на реформите, а еве веќе денес ни се нуди едно можно членство, или едно виртуелно членство.

Бевме меѓу првите во регионот што го потпишавме, што влеговме во

партнерството за мир, а сега поради неспособноста на владините функционери, тоа многу важно учество, тоа многу битно членство за Македонија полека ни се одалечува.

Да потсетам исто така дека до вчера, кога пангалот доаѓаше овде во Македонија и ги навредуваше Македонците во Егејска Македонија, бевме спремни да излеземе на улица во знак на протест, како што излеговме тогаш кога власта во Бугарија го забрани 0М0 Илинден. Но, сметајќи на стравот, за кое што зборував оваа власт направи низа постапки кои ќе имаат долгорочни последици по достоинството на оваа земја и на овој народ. Го испука Илинден на пример, не натера да ги преживееме Димитров, Србиновски и други гавази од овој тип. Фрли сенка врз Охридското лето, ни се случува помпезна промоција на про бугарската МПО и печатење среде Македонија на книги на бугарски јазик, за да стигнеме конечно до она што навистина ја шокираше, што ја повреди, што ја збуни, што ја прекрши македонската јавност, а тоа е што во центарот на Скопје се случи еден функционер на МПО да се заканува со вампиризмот на минатото, сангвинично да ни го покажува прстот и да ни кажува среде Скопје, среде Македонија дека сме бугари. Па, повелете продолжете да молчите колеги пратеници. Ќе прашате каква врска има тоа со локалните избори. Јас ќе ви одговорам.

Кога гледате дека власта ги спроведува изборите со пиштол на нашите чела, со пиштол на нашите чела, зошто тогаш да не чудат димните бомби што се случија пред некој ден на промоцијата на оваа анти македонска организација, која што го носи севдонимот на Ванчо Михајлов - Радко. Кренете го вашиот глас колеги пратеници. Да направиме заедничка декларација, со која што ќе му го вратиме и дигнитетот и достоинството на овој Парламент и ќе кажеме дека ваквите провокации, ваквите обиди за внесување сомнеж во она што сме навистина се дел од минатото.

Нервозите што се случуваат во општеството и кај граѓаните, а гледам и кај пратениците се резултат од изгубената доверба во законот, во полицијата, во јавниот обвинител. Тие се онакви какви што посакуваше да бидат премиерот Георгиевски и такви ги направи, верувајте ми. И во врска со тоа дали некој наивно поверува на десетте посто на Георгиевски?

**ИЛИНКА МИТРЕВА:** (Продолжение)

Знаев и тврдам дека понудата на премиерот за предвремени избори имаше само една единствена цел, смислено да се демонстрира дека тој може да вети што сака, дека може да направи што сака, а потоа цинично во лице да ни каже "пу, пу, не важи, што ми можете, јас сум над сите вас. Постоите вие овде, вие во Македонија, граѓаните на оваа држава, согласно мојата милост и мојата немилост". Па така после спектакуларниот пад на последниот балкански диктатор Милошевиќ, ние испаѓаме најупорни, најстабилни, најдоследни и се уште го имаме тука Љубчо. Во оваа светлина станува јасно зошто здружената опозиција им припиша референдумско значење на локалните избори и зошто од друга страна тој референдум мораше да биде крваво спречен од власта. Морбидната идеја повторно на власта, морбидната идеја на власта да ја изедначи во одговорноста опозицијата со позицијата да направи равенство меѓу џелатот и жртвата не помина ниту во Македонија, не помина ниту во меѓународната заедница, ниту пред нејзините институции. Народот се изјасни, а се изјаснија и бројни дипломатски претставници во Македонија и надвор од неа. Добро знаете колеги пратеници, знае пошироката јавност, знаат сите дека победата на здружената опозиција на локалните избори претставува почеток на крајот на коалицијата за промени. И сега морам да признам дека има нешто што не ми е сосема јасно. Мене најмногу ме зачудија дел од колегите пратеници во овој Парламент нивните ставови и нивното однесување во текот на оваа расправа. Некои од нив, пратениците на ДА на пример, пост изборно се дистанцираа од насилствата, побараа да бидат амнестирани и од фалсификатите и од крвопролевањата посочувајќи се себе си како некаква сива зона меѓу црното и белото. Јас не им забележувам, накнадно им проработела совеста. Меѓутоа, сепак останува да лебди прашањето каде беа за време на изборите? Пратениците на ВМРО-ДПМНЕ ми се јасни, но не до крај. Потрошија силна енергија, многу емоции и дозволете ми сепак да го кажам тоа, валкани зборови за да ја нападнат опозицијата и за да ја бранат власта. Им дадоа покритие на тој начин на оние што го згазија човечкиот живот, што го понижија гласачот, што ја засрамија Македонија. Со тоа овие пратеници прифатија да бидат дел од тој проект, од тој нечовечки проект, или пак постои

алтернатива, толку успешно работел партискиот хорбач, онаа репресивна ДПМНЕ-овска машинерија што ги дисциплинира, унифицира и уценува сопствените пратеници, а има амбиции тоа да го стори со целото општество. Јас сум сигурна дека ова не важи за сите, дека барем неколку пратеници од оваа партија се скроени од еден подостоинствен и човечки и политички материјал, дека тие се различни од нивните шефови како и веќе ништо не може да ме зачуди. Затоа што испаѓа, верувајте колеги дека патецот на фризурата не премиерот Георгиевски го диригира правецот на нашата државна политика. За улогата и зло делата на ДПА особено кон албанскиот дел од гласачкото тело ќе се зборува уште долго, уште многу долго на овие простори. Сублимацијата на настаните во Кондово на пример ја надминува мојата моќ да го изразам тоа во овој кус говор. Не можам да го сублимирам тоа во овој кус говор. Но, кристално е јасно дека последиците и штетата по угледот на албанското гласачко тело, по демократијата, а со тоа и на целата наша држава се немерливи. Расправата веројатно ќе потрае уште малку, но ќе мораме да се соочиме со нејзиното резиме и тоа е она што ни дава еднаква шанса на сите пратеници во овој Парламент независно од тоа од која партија доаѓаме, а шансата е следнава, да ги осудиме изборните злосторства, да кажеме дека овој Парламент сака да се застане на крај на отсуството на демократијата и не функционирањето на правниот систем и поради сето она што се случи да ги осудиме оние кои што за тоа се и единствено одговорни, а тоа е власта, односно владеачката коалиција.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

И благодарам на г. пратеник Илинка Митрева за дискусијата.

Има збор г. пратеник Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници, после толку дена дебата на оваа тема веројатно ако се сака да се допринесе позитивно во овој правец, мислам дека има место и за тоа, иако уште од почетокот да кажам дека за жал од ова место во овој Парламент по некогаш се слушаат и се даваат такви квалификации за нештата, за луѓето за личностите кои што се под нивото на она што ние претставуваме. Од почеток јас би го отфрлил тој начин на комуникација и би продолжил со надеж дека ќе допринесам во овој десетти, или единаесетти ден од дебатата да ги усмериме нашите сили, нашите можности за подобрување на состојбите.

Господа пратеници, би било многу подобро да не дојдеше до таква дебата, да не расправавме за проблемите кои што настанаа во текот на првиот изборен круг за нас, затоа што нашата информација се однесува за 10 септември т.е. за првиот изборен круг и наместо да се дискутира за тоа, имам впечаток дека често од страна на поедини пратеници за жал велам пак да повторам се прави повеќе проблем тоа што тука се изговара, отколку тоа што всушност беше и настана на 10 септември. Јас сепак во мојата дискусија ќе се обидам да ја насочам дискусијата во смисла на тоа што настана и зошто настанаа тие проблеми на 10 септември и што придонесе за таквите дејанија кои што не ни служат навистина на чест на сите нас. Се знае дека овде се дадоа одредени квалификации дека и нашиот документ кој што ние овде го предочивме, значи во тој извештај, во таа информација каде што ние се обидуваме да објаснуваме некои текови, не чисто заради некој каприц, не само да кажеме кои се добри, кои се лоши, кои се добри момци, кои се лоши момци, туку просто дека тоа нам не ни доликува и просто таа работа што се случи на 10 септември, а и после тоа да не се повтори. И во тој правец јас сакам да укажам дека за жал одредени говорници многу лесно ја сфатиле одговорноста на својата функција, па се задоволуваат со одредени искажани само тука сочувства спрема жртвите што настрадаа во тој момент и со тоа мислат дека и како пратеник, а посебно и како пратеник од позицијата дека со тоа го завршиле својот долг спрема граѓаните со тоа што се тие нивни претставници. Јас мислам дека сочувството е добро да се направи оттука за сите повредени, а посебно за тој што подлегна на повредите, но тие се работи кои што се прават во конак и добро е тоа да се прави во Кондово од било кого. А тука ние мислиме дека пратеник со одредена одговорност кој што сака сериозно да ја сфати и да ја изврши оваа функција, мислам дека во тој правец има многу повеќе да прави, веројатно да придонесе барем најмалку таквите работи да не се повторат.

Има и уште една друга работа, за жал за информацијата, или информациите, јас за ниедна не велам дека е таа некој памфлет без разлика од чија страна доаѓа. И Владата достави една информација каде што големо внимание обрати и на фактите што таа ги приложува, но верувајте дека малку има тука да се каже повеќе од тоа што

навистина се случило. Ние не сме тука да го кажеме само тоа што настанало, и да им кажеме на јавноста и на народот што се случи во тие денови, или тој ден, 10 септември затоа што тоа народот го знае. Мислам дека ние како нивни претставници и народот тоа очекува да најдеме навистина излез од оваа состојба и да овозможиме да воспоставиме некои правила на игра, кои што до такви дејанија кои што беа тогаш, просто и да не дојде, а не да се задоволиме со едно просто давање на сочувство за жртвите, што пак ќе повторам е добро, но мислам дека многу и сосема недоволно како пратеници, а посебно како пратеници од владината коалиција, кои што мислам дека треба и можат да направат малку повеќе од самото просто сочувство овде искажано. Јас мислам дека се даваат квалификации во правец дека документот со кој што ние сакаме и мислиме на тој начин да придонесеме кон подобрување на состојбите се именува со такви зборови со кои што навистина не може да се воспостави никаква врска ниту логичка, ниту историска, ниту практична. Зошто? Затоа што искажаното, напишаното во тие документи не е напишано и кажано само од нашата партија. Па вие сите знаете дека приближно така, имплицитно, па и експлицитно скоро иста содржина, за жал имаат и документите чии што автори се и меѓународните асоцијации како што се ОБСЕ, како што е Советот на Европа и како што се други можеби и невладини организации, каде што за жал се напоменува дека гласањето во Македонија на 10 септември не ги исполни стандардите што се очекуваа од неа како членка на Советот на Европа и како членка и на другите меѓународни асоцијации. И тоа значи е така. Со други зборови и со подетално навлегување во таквото вреднување, што ние се обидувавме преку овој наш документ кој што веројатно има и слабости кое што веројатно може и да се надополни и тоа е целта на нашата дебата, но да се каже дека тоа е некое начртание, мислам дека е збор кој што макар и од дух на еден задоцнет револуционерен дух така да кажам, мислам дека не стои, затоа што слични се искажувањата и од страна на другите асоцијации. А тие асоцијации не би можеле ние тука да ги доведеме во состојба така, или приближно така да ги квалификуваме, затоа што тие се асоцијации кои што се адекватни, одговорни за гласање на многу места. Таа асоцијација како што е ОБСЕ без чие што присуство во Чеченија руските избори не се признаваат, таа асоцијација која што во Белорусија без нејзино присуство исто така изборите не се признаваа. Така што кога даваме такви квалификативи мислам дека не е добро и како Парламент и како Македонија и како поединци така да се истрчуваме, затоа што и индиректните импликации од таквите изјави, мислам дека не се поволни за нас. Но, сепак јас да кажам дека и таквите искажувања, имам доблест да кажам дека ги сметам за лични искази на некои пратеници кои што имаат право и не мислам дека зад нив по некогаш стојат и одредени политички групи и партии, кои што мислам дека суштината на нивното делување е малку подлабоко отколку што тоа може секогаш да се искаже.

Друг проблем за кој јас мислам да се изјаснам денеска е и следниот. Имено, кога се очекуваше дека Македонија, значи што всушност се кажува во тие документи и што е загриженоста на јавното мислење и на европското мислење за нас и што од нив ние слушаме и кога би биле најдобронамерни според тоа што се случи во Македонија, а да не сме во состојба, иако сме добронамерни да го одбраниме. Тоа е тоа дека Македонија кога се очекуваше навистина да даде некој придонес во смисла на потполнување на обврските што таа ги превзеде, или и останаа од времето кога се укина мониторингот за Македонија, кога се чекаше да се донесат закони веќе таксативно тука наброени во смисла на високото образование на Албанците, во смисла на децентрализација на централната власт во смисла на други закони про европски за државјанство итн., и други закони кои што би биле ратификувани на конвенции, со кои што ние како земја би ја покажале нашата волја дека сме спремни обврските што ги имаме спрема Советот на Европа и другите асоцијации да ги одржиме и да ги потполниме за да како Република зачекориме во поквалитетни и во вертикала по содржајни активности. И наместо тоа за жал ни се случи тоа што ние сите знаеме и тука почнуваме без никаков момент на самокритика, се прашуваме дали некој знае каде е Црн Врв, дали некој не знае дека има таму, или такви и такви за што јас би одговорил дека јас би прашал, дали некој знае каде е. Кондово? Зошто? Затоа што сите знаат веќе каде е Кондово, а јас сакам освен некои веројатно, јас сакам тука да кажам дека јас не би сакал ниедно место и што има Албанци и Македонци да биде запознаено по тоа што е сега познато Кондово. Јас сфаќам дека такви активности по кои стануваат познати нашите општини, нашите села, нашите градови не би

пожелувал на никој да биде познат на тој начин и светот.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:** (Продолжение)

Сега, не е добро да се застане на поединечни случаи и состојби, туку треба да се гледа пошироко и тоа ќе биде добро и за нас, тоа ќе биде добро, веројатно и за Македонија, а тоа ќе биде добар знак и за активностите и за состојбите и во самиот регион.

Затоа, јас би поминал на тоа веднаш што јас предлагам. Предлагам и се сложувам со фактот што тука се предложи како излез од оваа состојба, а ценам од многу пратенички групи, да се оформи една заедничка анкетна комисија, која се надевам, не ќе има односно не ќе и биде цел да се заташка, да се заборави се она што ние тука дискутираме и што се случувало во тоа време. Туку, напротив, со таа анкетна комисија, би произлегла една реална и објективна и конценсуално прифаќање на заклучоците, каде по секоја цена би се реглектирале спремноста од сите нас за, прво, законско казнување или одговорност од поедини структури и субјекти за се тоа, за што веќе се знае и се виде дека е оштетување на демократските процеси во Македонија и оштетување и повреда на најелементарното демократско право, правото на глас во Република Македонија. А, посебно, барање одговорност за тие што посегнаа по животите на луѓето, кои што во никој случај не требаше да ни се случи, при гласањето во една демократска земја, барем кој тој правец се стремиме да одиме, да го изгуби животот. Не смееме да дозволиме во секое село да биде по еден таков проблем, па дури тогаш да се сетиме дека ние мораме нешто да преземеме. Ова, нека биде доволна и јасна порака и ние тука со нашите активности, со активностите на Владата спрема одговорните за оваа состојба, да покажеме доволен и јасен став дека ние сме, навистина сите заинтересирани да ја извлечеме нашата држава од овие состојби и да зачекориме кон доброто. Зошто тоа го велам? Тоа не е глас или потреба или барање само од мене како личност, или како од ПДП како партија.

Верувајте, тоа е барање и од пошироката јавност и од другите партии, па што ако се опоненти, опоненти, затоа што јас сум од Струга. И ние таму сме две партии, но не сме душмани. Ние во согласност со законите работиме во едно плурално друштво секој на свој начин со своја метода да дојде до некои резултати, за кој што еднократно ќе биде задоволен, за кој што и поединечно и колективно ќе најдеме некоја сатисфакција. Ние треба да знаеме дека утре ќе имаме потреба пак да се седне, утре ќе имаме потреба повторно заеднички некои проблеми да ги решаваме, но услов за едно такво конструктивно однесување, мислам дека е правдата и правичноста.

Второ, сметам дека тогаш ќе се отвори можност секој политички субјект и како партија на власта, а и како влада, а зошто да не и како опозиција, да си согледа во своите редови, можностите да си ги согледа своите чекори, кои се тие кои водат кон конструктивно етаблирање на демократските вредности овде и кои се тие кои што треба да се менуваат со конструктивни чекори, со цел навистина да изнајдеме еден излез, што ќе ни дава за право да кажеме на генерациите дека во еден таков момент добро сме се извлекле од оваа состојба. И сме направиле можност, таквите нешта да не се повторат. Мислам дека едно такво односно една таква одговорност, сигурно, му припаѓа повеќе на владината коалиција и на самата Влада, затоа што, така е тоа во целиот свет. Ако некои процеси за кои што е одговорна една институција, еден орган, помине добро, пофалбата е на Владата. Значи, на организаторот. Ако еден процес заземе лош правец на одвивање на работите, повторно е одговорна Владата. И, нме го кажуваме ние тука, затоа што ние како опозиција, поради инат, го правевме спрема Владата, туку тоа е така во целиот свет. И, не може поинаку да се сфатат работите и да се оди напред, ако и кај нас тука не се сфати една таква можност.

Мислам дека  многу е важно овие согледувања на сопствениот пристап кон одредени активности, согледувањата на сопствената програма не е да кажам програма, програмата е она што е, туку на некои активности, што има можност да се влијае во климата за создавање на такви тензионирани работи, е предмет на разјаснување и треба да биде предмет за секој чинител.

Затоа, тоа што ни се случи на 10 септември, не беше работа што преку ноќ тек така се случи. Тоа е работа што, веројатно, кулминираше малку подолго време. Зошто тоа настана? Дали поради тоа што, чисто поради некоја злонамерност нечија, дали тоа настана поради тоа што навистина ние имавме можност поинаку да настапите. Мислам дека имавме. Но, сметам дека во климата за едни такви

недемократски и меѓународно многу сомнителни избори, создаде и ќе создава, ако тоа не се реши и во иднина, самиот факт дека политичките партии на Албанците, а овој пат ДПА мислам дека немаше можност да понуди варијанта, со која таа би сакала да задржи своите гласачи. Јас не велам дека тоа е само слабост на ДПА туку и ние како ПДП незнам како би се однесувале кога би биле во иста состојба. Дали би се однесувале така. Но, самиот факт што политичките партии на Албанците секои избори предлагаат те иста програма, каде што во прв ред се уставни промени, во друг ред се јазикот соодветно да се претставува во одредени степени, каде што се бара да се има јавно и рамноправно образование и за Албанците во Македонија, каде што се побара децентрализација. Мислам дека во неможност да се понуди нешто такво на овие избори, дојде до состојба кога што требаше со други активности, така да кажам, да не се изразам полошо, тоа не е мој стил, да се обезбеди гласот на народот, тогаш ќе каже дека легитимноста, без разлика што ние не успеваме, јас велам ние, не велам тие, не успееме да го кажеме но да имаме гаранција од Владата, всушност од македонскиот дел на Владата и простор за решавање на овие проблеми кои што ги напомнав, ние не можеме по пети или по десетти пат да го лажеме народот. Па, така час ние, час ДПА ќе излезе пред народот во неможност да нуди прави решенија за тие што веќе тие два три пати излегле со таа програма, ќе почнат да се убиваат меѓу себе, или да се туркаат меѓу себе, во најблага форма.

Затоа, мислам дека и ДПА во неможност да понуди едно такво решение овие години, за што гласот ние заеднички го зедовме за уставни промени, за јазикот, за јавно образование, за решавање на високото образование, за децентрализација, за жал, не се направи доволен простор од македонската страна за решавање на проблемот, па ние после да се прифатиме заедно со македонските партии кон решавање на демократските права на граѓаните на Република Македонија.

Затоа, сметам дека ако Владата ги согледа грешките кај себе во текот на овој период, ако сите партии се свесни дека овој тек на проблеми, овој тек на активности мора да се промени, тогаш мислам заедно со тоа што и опозиционите партии треба јасно да кажат дека во таква реалност тензионирана, непродуктивна за нас и предвремените избори не ни се важни. Ние нема што да форсираме предвремени избори ако не се слагаме и како позиција и како опозиција дека потребата од авансирање, потребата од афирмативно авансирање на отворените прашања меѓу етнички прашања, меѓу Албанците и Македонците, што би било прифатливо и од позиција и од опозиција, сметам ако ние во меѓувреме тоа не го усогласиме, повторно ќе настанат проблеми. Затоа што мислам дека е крајно време да се направи еден обид, да се искаже добра волја и рационалност и од опозицијата и од позицијата дека сите проблеми меѓуетнички, што се однесува до рамноправноста на националностите и до авансирањето до албанскиот проблем, на албанските прашања во законска и уставна рамка, мислам дека тоа треба да биде заедничка определба на сите партии. Ниедна партија по таа основа да не може да профитира, да не може да води кампања и да не може да се надева дека само со жмигање, како се вели македонски, на една страна на едниот и другата на другиот, дека ајде ние тоа ќе го решиме, ајде вие тоа ќе го решите, ајде уште малку и тоа не води никаде. Додека македонскиот блок мора да сфати и додека не ги решава суштествените проблеми, кои што албанските партии ги зацртале во своите програми, а тие зацртале и тоа дека се и за оваа Македонија, но под услов во тој контекст да се решаваат сите отворени проблеми. Додека овие проблеми не се решаваат, не можат, така мислам јас, македонскиот блок да планира во поддршката на албанските партии за својот пат кон демократијата. Затоа што, не е логично ако вие се мачите, се борите, за некои евроатлански квалитети и ориентација, ние да се бориме дали ќе зборува некој во Делогожда или во некоја друга албанска општина, каде ќе му биде дозволено, каде не ќе му биде и сето тоа да се стави под арбитража.

Сметам дека моменталниот статус на Албанците во Македонија, неговата уставна рамка е причина за можни и следни, така да кажам, нерегуларности или некои, недај боже, по неповолни состојби.

Затоа, мислам ако сакаме сериозно да ги решаваме овие проблем мораме да се зафатиме со суштината на проблемите. Затоа што ако тоа не го направиме денеска ние, верувајте дека мора утре да се направи. А, цената на тоа што денеска треба да се направи е сигурно помала, од таа што треба утре да се направи. Има и други работи, кои што меѓувреме мислам дека и Владата, па и сите ние заедно тука треба да ги направиме, за да можат овие тензии да се

намалат. Па, дури тогаш, ако ги решаваме со консензус, инсистирам со консензус да ги решаваме, за оптималните рационални и многу јасни барања на албанскиот блок во Парламентот на Република Македонија, тогаш ќе изостане еден голем момент, кој што би можел да предизвикува криза и кој што би можел уште да биде причина за некакво калкулирање со некои национални интереси од некого. Затоа што, се покажа дека и тој што со анти албанска кафа сакаше да води предизборна кампања, не сакајќи го албанскиот глас, но и тој што по секоја цена го бараше албанскиот глас, за да остане на власт, мислам дека подеднакво исто грешат.

Кога би ги решиле овие проблеми, потоа е многу лесно да преминеме кон другите, а што се тие? Па, ние сме, господа, пред реформи. Реформи не можат да се изведат со половичен капацитет, само со некоја партија, само со една коалиција. Према реформите ние мораме да имаме ист став. Према демократските процеси во Македонија, веројатно, мораме да имаме исти ставови и тука нема што да се разликуваме. За реформите на нас како опозиција ако успееме да градиме ист став, незначи дека ќе ја губите легитимноста како опозиција. Туку, опозицијата што бара? Опозицијата бара во текот на периодот да има транспарентност, законитост и очекуваме резултати, односно ефекти од тие реформи. Мислам, опозицијата, освен овие три нешта, не сака ништо друго, затоа што успехот на реформите од оваа Влада, ќе бидат ако се вистински, ќе бидат доволно јак поттик и отскочна даска и за секоја друга Влада.

Еден таков заеднички пристап, мислам дека би требало да се има од тоа што се гледа, а која може да служи, пак, за некаква внатрешна употреба во одредени состојби, е улогата и ставот на Македонија спрема одредени регионални процеси.

Господо пратеници, Македонија не може да застапи друг принцип во однос на некои регионални процеси, кои се во спротивност со принципите врз кои и самата доби осамостојување.

Јас мислам дека овој принцип мора да се запази и од позицијата и од опозицијата. Принципот на самоопределеност, не е принцип и тоа мора на јавноста да се укаже, не е принцип кој што беше воспоставен во Уставот од 1974 година, од минатата Југославија. Зашто сега, со тој Устав, чувствувам дека сеуште се манипулира. Божем, само Републиките имаат можност да се осамостојуваат, а за покраините не. Таа приказна, сега се употребува, за да се направи тука една клима, дека секое можно друго сфаќање или определеност спрема некои процеси, мора да биде во таа рамка.

Вие сите знаете, а посебно тие што се од општи науки, а јас не сум, дека принципот на самоопределеност во Европа дојде во 1920 година или во 1919 година кога беше тоа уште од Версајската конференција. Сите знаете дека во дотогашната Европа полна со војни, распарчена, мораш да и се нуди еден друг принцип врз кој што таа би требало да ја уреди себе си, односно да се обиде да се намалат тие секогаш циклични борби. Така, американскиот претседател Вилсон дојде со оваа порака во Версај, три принципи треба да бидат тие, кои ќе ја уредат Европа и кои што се мислам уште актуелни. Тогаш тој рече, само определување, човечки права и колективната одбрана. И, врз тие принципи после, вие знаете дека Германија беше губитникот од војната, а врз тие принципи со создавање на други држави во источниот дел на Германија, се кажа дека Германија пак доби. За што, наместо на една голема империја, врз база на принципите на самоопределеност, се направија некои помали, кои беа полесни за Германија да ги "онакви". Така што, тие принципи не се ни од вчера, ни од завчера, ниту можат само за наша употреба, за наш ќеф да се употребат, па тие принципи се и денеска актуелни.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:** (Продолжение)

Мислам дека таков пристап за самоопределеност на тие што одлучиле да бидат самостојни, со меѓународна мониторнизација и дозвола, нема што македонските политичари да се спротивставуваат. Тоа е непродуктивно. Само така, јас мислам дека може да се воспостави еден еквилибриран однос кон нашите комшии, што ќе ги има малку повеќе од до сега, веројатно, а ние внатре, да градиме таква политика што ќе биде единствена и не ќе биде причина за некакви и нечии калкулации и врз таа база.

Не сакам да кажам дека не смее некоја партија да има во својата програма и такви активности. Но, тоа е партиска определба за тие процеси. А, владина политика и поголеми партии што се тука, мислам дека по овој проблем треба да се заземе приближно ист став, затоа што, пак ќе кажам, можно е и имаме искуство дека често се злоупотребува и тој момент за внатрешни уредувања во Република Македонија.

Така, мислам ако сите заедно гледаме во суштината на проблемите и сакаме полека да ги насликаме еден по еден тие проблеми и најдеме заеднички јазик и по овие проблеми, мислам дека ќе дојдеме во една состојба кога, навистина, сите ние ќе треба да се бориме за, некои демократски принципи. А, силата, употреба на сила, ќе кажам уште еднаш, ја делегитимира секоја власт. Ние не можеме така да продолжиме.

Ова го кажав, господа пратеници, најискрено од моја страна, затоа што многу би бил посреќен кога би бил обичен граѓанин во една демократска, просперитетна и економски стабилна земја отколку да сум граѓанин, односно да сум пратеник во една проблематична и еден кавгаџиски амбиент.

Се надевам дека не сум единствен во овој Парламент кој така мисли. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Азис Положани.

Пред да му дадам збор на господинот Петар Гошев, сакам да дадам една сугестија.

Бидејќи многу пратеници кои досега дискутираа излегуваа од темата за која расправаме, од точката што е на дневен ред. Во интерес на функционирањето на Парламентот, на седницата и во интерес на темата што е на дневен ред, ве молам да бидете порационални и да се придржуваме кон точката што е на дневен ред.

Збор има господинот пратеник Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Господине потпретседателе, почитувани колеги, пред дваесетина години, поточно 1988-та, имав едно интервју за загребачкиот "Централен дневник" и бев прашан за тогашните процеси на плурализација. Недвосмислено се изјаснив за повеќепартиски систем. Следниот ден, во кабинетот на тогашниот претседател на ЦК СКМ, господинот Јаков Лазаревски, во присуство на почитуваниот, сега покоен господин Варошлија, претседателот ме праша - Гошев, зошто се залагаш за повеќепартиски систем? Му одговорив, се разбира не ме караше тој со тоа прашање, затоа што тогаш имав апсолутна слобода да говорам тоа што сакам и токму од тој претседател никогаш не бев опоменат зошто имам такви ставови, зошто се залагам за тоа, на тој еднопартиски систем, одговорив дека се залагам за тоа затоа што сакам да загубам на повеќепартиски избори, на фер и демократски избори и утредента, по загубената функција, ако изгубам, ако народот не гласа за мене, сакам слободно да шетам по македонските улици, никој да не ме тепа, сакам да си ја вршам слободно професијата за која што сум се определил, слободно да работам. Бидејќи не теоретизирав многу зошто повеќепартиски или еднопартиски, само му реков, или се потсетивме дека ниту еден комунистички лидер дотогаш, речиси не заминал од функција без да биде апсен, без да се држат специјални пленуми за неговите застранувања, без да не биде во куќен притвор и слично на тоа. Примери има безброј за тоа. Некој тогаш спомна: Дупчек, Хрушчов, Ранковиќ и многу други раководители итн. Му реков затоа сакам демократски и фер повеќепартиски избори, бидејќи е невозможно луѓето да мисла чисто, невозможно е луѓето да имаат исти програми, невозможно е луѓето да мислат со еднакви средства да ги остваруваат своите замисли за подобар живот.

12 години потоа, тоа беше 1988, сега сме 2000-та година, по пет изборни искуства на Република Македонија, две парламентарни, едни локални и едни претседателски избори, господо пратеници, со уставно инструиран повеќепартиски систем опасно е да имате своја политичка опција во Република Македонија. Опасно е да имате своја политичка опција. Не можете слободно, без последици да го користите уставно гарантираното право на слободен избор.

Имено, не сте рамноправен граѓанин на пазарот на труд. Безброј аргументи можат да се илустрираат за тоа, иако во Македонија всушност и нема пазар на трудот, а што за овие 10 години моравме да го инсталираме тој пазар. Не ви вредат никакви квалификации, работни вештини. Работата се губи и се добива само со поседување или заради поседуваше партиска книшка и највулгарно, нај недостоинствено ропско служење на партиската врхушка. Така, најбрзо се добива работа во Република Македонија, денеска, 2000-та година по неколку изборни циклуси, во услови на уставно инсталиран повеќепартиски систем.

Можете да бидете претепан, да ви биде демолиран имотот, да ви биде нападната семејството, особено ако сте пратеник, со откажување на послушноста, па го попречувате непреченото разграбување на државниот имот. Можете секојдневно да добивате закани дека

"грклaнот ќе ви бил извaден", декa "цревaтa ќе ви биле истурени, рaстурени и тоa по неизмиени, неисчистени улици нa грaдовите во Република Македонија, пa откако ќе умрете дa добиете инфекција" и такви закaни можете дa добивате, само затоа што своето политичко мислење не сте го споделиле со некое будaличиште, особено aко претходно, токму тоa будaличиште сте го брaнеле неговото прaво дa имa сопствено мислење и сопствена политичка опција. Тоа се случува денеска во Република Македонија.

Можете дa добиете список нa сите вaши членови на семејството, блиски, далечни, дури и тие роднини што сте ги заборавиле декa ќе ви бидaт отпуштени од рaботa и бивaaт отпуштени од рaботa, сменети од постојното место, сaмо зaтоa што имaле роднинa - неранимајко, имено сакал некому политички дa му бркне во окото, бил, демек, на спротивната страна.

Овие избори, господо, се најгрозната, најодголената парадигма за незанемарливото количество на силите и на социјалната подлога, иманентни за пред политичко општество. А, знаете што е пред политичко општество. Тие, дефинитивно, не беа фер. Не беа фер. И, овој Парламент треба да констатира тоа дека не беа демократски. Во вториот круг не беа фер и не беа демократски. Откако некој беше загрозен. Тие се чекор 100 милји што не оддалечува од пристојниот демократски свет. Овој Парламент тоа треба да го прифати, да го констатира и добро да се замисли над тој факт. Тие, ниту по два месеци, господо, не се завршени. Не се завршени ни по два месеци. А, ние овде опонираме со денови дека биле вакви или онакви, две страни криви, три страни криви, четири страни криви. Последиците и сознанијата од овие избори се поразувачки, ако сакаме да ги видиме.

Прво, дека Македонија нема државни институции, најтрагичниот факт. Дека и онаа мала, мала, со мака инсталирана граѓанска субстанца, во нив се распрснува како меур од сапуница. Таа граѓанска супстанца што толку тешко се гради, да се инсталира во институциите, да бидат институции на граѓаните, а не институции на политичките субјекти, на политичките групи. Таа се распрснува во овој момент. Овие избори тоа го покажуваат дефинитивно, на најгруб, најубедлив начин.

Погледнете ја, господо, Државната изборна комисија. Односно, таканаречената Државна изборна комисија. Која, наместо да обезбедува вон судска правна заштита на изборниот процес, поради начинот на кој што е составена и човечкиот материјал од кој е составена, но повеќе поради првото, служи за подбив и на домашната и на меѓународната јавност. Како да сака најсликовито да каже дека од нас држава не бидува. Таа Државна комисија, ваква каква што не срамоти, се срамоти сите овие два - три месеци. И не само сега, туку и на претходните избори. Такви се и сите други органи на пониските нивоа. Чисто партиски. Во сите нив не се утврдува материјалната вистина. Не се брани законската процедура. Во ниту еден од овие органи што ги спроведуваат изборите. Во нив господо, почитувани драги колеги се надгласува. Се надгласува без оглед на фактите.

Погледнете ја улогата на полицијата во овие избори. Активно учествува во нив. Полицијата активно учествува во овие избори. А, велиме дека таа мора да биде неутрален граѓански сервис и слично на тоа. И тука ние, околу тоа уште се спориме. Се правиме слепи. Не гледаме дека е тоа така. Божем тоа ќе ни помогне. Таа не сака да ги попречи насилствата од било која страна да дојдат. Учествува во изборната кампања. Полицијата учествува во изборната кампања. Тоа го виде цела Македонија, тоа го видоа сите мониторинг - субјекти за Република Македонија, можеше да го види цела Европа и целиот свет.

На пример, легендарниот, беше спомнато тука, Љубе Бошковски висок функционер на МВР настапува на митинзи. Владеачката партија ВМРО-ДПМНЕ го пушти во кампања високиот полициски службеник. Господо во кои држави го има тоа, во кои нормални демократски држави го има тоа, високи полициски функционери да одат во кампања и да го обработуваат теренот пред изборите и за време на изборите? За тоа има милион факти, милион докази има за тоа. Полицијата ги губи доказите за фалсификуваните исправи. Ги губи, замислете, "ги губи". Всушност, помага крадење на изборните легитимации и учествува во издавањето на фалсификуваните исправи. Штанца лични карти на име на лица кои живеат привремено во странски држави, а потоа ги прибира и се обидува да ги поништи тие докази. Тоа го прави полицијата, полицијата која треба да биде и моја и ваша и на секој граѓанин во Република Македонија. Не на госпоѓа Димовска или на господин Георгиевски или на Тупурковски или на незнам кој од власта. Наша треба да биде, затоа што ние ја плаќаме таа полиција. Бедно ја плаќаме затоа што сме лоши.

Малку ја плаќаме, треба да ја платиме подобро. Ама тоа не може да му служи на господин Георгиевски, на Доста Димовска или било кој функционер во државата. Сопартиските врхушки ги ангажира полицијата и тоа евидентно добрите услуги од македонското подземје. Таа ги вклучува, заедно со партиските стручњаци за безбедност во полза на нарачателите на изборните фалсификати. По потреба некому да му ја скршат главата, некаде да скршат кутија, да преплашат судија и член на избирачкиот одбор, да оневозможат или обесхрабрат спротивно мислечки избирач токму на тој ден, односно да не може некој да го искористи слободно своето изборно право.

Објавува, полицијата, од полициски извори, поединци, се разбира, токму тие денови, основано или неосновано, компромитирачки досиеја што, наводно случајно процуриле за некои неистомисленик. Но, колку сум непретпазлив, зборувам за полицијата, па некој сега може да ми рече - па како зборува Гошев за целата полиција. Па, не зборувам за целата полиција. Зборувам за луѓе во полицијата, се разбира, Ама, замислете па како цела полиција се втурнала во фалсификат на изборниот процес итн. Ама полицијата е вклучена затоа што првиот човек на полицијата знае за ова што се случува и никој за тоа не одговара. И со знаење на првиот човек некој од вторите, третите луѓе учествуваат во изборната кампања и го обработуваат теренот.

Затоа имам право да кажам полицијата. Се разбира, илјадници, илјадници невини таму полицајци за ситни, бедни плати не знаат како да постапат, не знаат на која страна да бранат и да одбранат затоа што се плашат ако интервенираат дека некој ќе им го земе и тоа место за тие 8.000, 10.000, 12.000 бедни денари што ги примаат.

Да ја погледнеме и сагата во врска со нашето судство или некои судии. Значи, ги спомнувам трите институции, многу важни: државните изборни органи, полицијата и судството, без кое нема демократска држава, нема регуларни избори. Некои се подаваат, се ставаат во служба на тие што ги именувале, од благодарност, што ги именувале. Други тоа го прават поради очекувано унапредување, чекаат да бидат унапредени со милоста на политичките шефови, што исто така не зависи од мислењето на судскиот еснаф. Таму се напредува, исто така, без мислење на судскиот еснаф. Трети се спротивставуваат и машки се борат со својата независност и затоа нема да се најдат на списокот, на пример на мојот колега, не е тука, Рубенс Наумовски, кој по налог на Централата требало да ги анализира.

Но, кога деновиве, да ви кажам еден личен тажен пример, се сретнав со еден висок функционер кој, инаку материјално не е зависен од милоста на власта, си има своја друга прекрасна работа, професија од која што се живее пристојно во Република Македонија, во согласност со општиот стандард на Република Македонија, онака лефтерно му излета од устата, па ми вели - Гошев, јас ја држам средната линија. А, како ме дал господ, веднаш му одговорив - Ти подобро да си ја држиш линијата на законот, а средната линија ние ќе ја држиме, партиите на центарот, па има леви и десни, а тој кој е судија, треба да ја држи линијата на законот. И, кога тоа ќе го слушнете од висок судски функционер, може само да ви се поткренат цревата внатре, ако, се разбира, сакате демократија во сопствената држава, право, правичност, правда итн.

Со овие избори дефинитивно, господо, ги убедивме европските патрони и деновиве имаме сериозни знаци на последици од тоа дека не сме лидери, туку аутсајдери во источното балканско друштво.

**ПЕТАР ГОШЕВ:** (Продолжение)

Нека не не залажува благоста на критиката низ нивниот суфистициран речник. Тој е таков. Воспитани луѓе, веројатно, така дискутираат или такви норми си воспоставиле. Поради такви како нас, овие господа од Европа измислија категорија на договор наречена договор за стабилизација и асоцијација. Првиот збор е стабилизација. Сакаат да не стабилизираат, бидејќи ние сме нестабилни. Поради таквите како нас, го измислија и статусот можен кандидат. Не можат да напишат. Да беа понепристојни ќе напише, невозможен кандидат. Но, нивниот речник е пофин, посуфистициран од нашиот.

Наместо да се самозалажуваме, поради куртуазните изјави на странците, што ни доаѓаат на гости, најсериозно да се замислиме, кога во некој од извештаите ќе прочитаме, а во нивните извештаи пишува, но тоа власта не сака да го популаризира. Европската Унија вели во еден од последните извештаи на кризната група. Треба да назначи висок европски советник за интеграција во Македонија. Да ни назначи тутор за да ги охрабри и олесни

потребните политички и економски промени, да ја олесни етничката интеграција и македонската стабилност и да ја постави првичната основа за европска интеграција. Ова е од извештајот на кризната група. А замислете, да се случи ова што го читаме, точно или неточно, од господинот Груевски дека ММФ можеби на Македонија повеќе не и треба. Ако тоа се случи, со такви "зелени" мислења, имаме тутор од Европската Унија за интеграција, за стабилизација, економска и ќе имаме тутор за монетарната власт. Ќе ни воспостават борд, монетарната власт ќе ја земат во нивни раце. Ќе имаме едно чудо тутори во Македонија, затоа што сме неспособни да ги решиме работите и затоа што ние овде се залажуваме како убаво ни одат работите во Република Македонија. Тоа не е точно. Би сакал ниту еден од овие мои зборови да е точен. За жал, тоа е точно, затоа што има многу аргументи за тоа. Овие избори господо ќе произведат долгорочни фрустрации кај избирачите. И така сме многу фрустрирани на овој Балкан. Можат да ја зголемат апстиненцијата во наредните изборни циклуси и силно да го осетат нужниот легитимитет за управување со државните работи на секоја народна власт. Замислете процентот на избирачи што ќе излегуваат на изборите да се намалува и да биде следен примерот на луѓето од Кондово. А може многу лесно да се случи тоа. Која ќе биде таа власт, со каков легитимитет ќе управува во Република Македонија, затоа што ние сме ги исплашиле, бидејќи кога доаѓале на изборите, можеле да се вратат мртви, да се вратат со скршени глави, со скршени заби, со исчашени вилици итн.

За авторитетот на јавните функционери, или професијата политичар да не зборуваме. Никаков. Но, најстрашно е ако овие избори значат и дефинитивно инсталирање на насилството во политичкиот живот на државата и генерална суспензија на и онака, рудиментарниот институционализам во Република Македонија. Рудиментален институционализам и ние атакуваме врз него жестоко. Но, овие избори покажаа и тоа дека опиумот власт е и пред безбедноста на државата, што е најтрагично. И малку одговорен политичар, државен функционер знае или треба да знае дека токму Македонија не смее да се игра со пукотници од огнено оружје. Тие што на овие избори се поиграа со оружје се најдоа на иста страна со неодамна судените и тие што избегаа за подметнување на бомби во Тетово, во Куманово, во Кичево. Тие се на иста страна, бидејќи имаат цел зошто пукаат на полициски станици и на други објекти. Имаат цел да извршат дестабилизација. Тие знаат дека тоа се прави со пукотници. Овие што пукаат за да ја задржат власта сакајќи или не сакајќи се на истата страна, затоа што тие сакаат да му пратат порака на опкружувањето и на светот дека во таа држава се пука, немојте таму да одите ќе има поинаква разрешница.

Наспроти сето ова драги колеги, премиерот Георгиевски вели дека поединечните инциденти што се случиле на овие избори, се случиле, тие не се случија, тие беа произведени намерно, им го попречило гламурозното прославување на победата што ја оствариле. Инаку, ќе прославеле многу, заради оваа победа на ваквите избори. Каква победа човече? Такви победи како оваа победа 10 години нижеше господинот Слободан Милошевиќ. Десет години токму такви победи оствaруваше тој човек. Таквите победи, во таа несреќна соседна држава произлегоа над 180 илјади загинати Срби во четирите војни. Над 300 илјади иселени Срби во странство, над 500 неразјаснети убиства, меѓу кои голем број бизнисмени и политичари. Тоа се факти од тие победи на господинот Милошевиќ и такви победи, какви што сега вели остварил господинот Георгиевски, премиерот на Владата на Република Македонија. И такви победи посеаја огромна сиромаштија, опустошена економија, изолација од светот, каква што инаку не заслужува тој горд и храбар народ. Но, конечно рекоа не, па ќе видиме како ќе продолжеа. Такви победи каква што била оваа победа, наводно, на господинот Георгиевски, драги колеги може многу брзо на Македонија, недај Боже да и носи вакви резултати, какви што спомнав несакани, што беа кај нашиот поголем сосед на северната граница.

Сега следи прашањето, бидејќи за тоа се расправа, кој е виновен за овие срамни и опасни избори? Тој што е надлежен да ги спроведува изборите, што според Уставот и законот е должен да го обезбедува функционирањето на уставниот поредок и владеењето на правото, тој е виновен за овие избори. И никој друг, особено.

Значи, според оваа логика, уставно диктирана логика, виновни се државните органи за спроведување на изборите и државните органи надлежни за попречување и отстранување на опструкцијата врз владеењето на правото, превентивно или во казнена постапка. Но, бидејќи ние немаме дефакто, државни органи, а пред малку за

тоа зборував, туку тие се супституирани од партиите на власт, бидејќи претежно се населени тие таканаречени државни органи, со најтврдите партиски членства, виновникот не е никој друг во оваа држава, освен партиите на власт. Притоа, партиите на власт се двојно виновни.

Прво, затоа што државните органи ги супституирале со партиски органи и највулгарно, најгрубо ги вклучија во лобистичка поддршка на ВМРО-ДПМНЕ и на другите владини учесници и второ, затоа што се случи тоа што е видено. Значи, констатацијата немаме државни органи, туку имаме партиски, не ги ослободува партиите на власт, туку двојно ги прави виновни, затоа што ги растуриле и онака, малку супстанцираните граѓански државни органи.

Според тоа, не држат "вода" приказните од типот: "За љубов и за кавга се потребни двајца". Но не зборувам дека таа приказна не може кај дел од јавноста и да помине, затоа и се раскажува. Но тоа се не е точно. Со таквите приказни нема да се испере совеста, ако се има, кај оној што ги говори. Затоа што убиените се дефакто, ранетите се факт, фалсификуваните избори се факт, а надлежни органи според Уставот и законите на овој Парламент се јасни кои се.

Ако некој од опозицијата правел нешто, што не треба да го прави, се разбира, тоа не се исклучува никаде, ниту во една држава, каде се државните органи со докази и факти да кажат опозицијата таму и таму го направи тоа и тоа. А ние интервениравме во интерес на изборниот процес, во интерес на запазување на демократијата во Република Македонија. Но тоа го нема, и има општа приказна: сите сме виновни и опозицијата и власта, направија таква и таква атмосфера. Не е точно дека генезата на овие крвави инциденти се изборите од 1994 година. Тие беа такви какви ги констатиравме тогаш. И денеска го имаме истото мислење од 1994 година.

Или генезата лежи во некоја друга година. Ако ја бараме генезата во минатото, може да објавиме дека старите Словени од VI-иот и VII-иот век пред нашата ера, се виновни. 1903 е виновна и така натаму. 1994 е 1994 1996 е 1996, 2000 е 2000 година. Во оваа 2000 година, се случува тоа и тоа. Кој го произведе тоа што се случи во 2000 година, а не во 1903 година, а не во VI-иот и VII-иот век. Тоа се приказни за замајување на јавноста. Не е точно дека остратa реторика на опозицијата ги предизвикала инцидентите. И ова реторика е остра, што ја зборувам денеска. Таква ми е реториката. Сака ли некој да ме убие, затоа што имам остра реторика? На остра реторика, може да се одговори со остра реторика. Таа не може да биде изговор за употреба на пиштоли, на палки, на кршачи на коски, на кршачи на кутии и слично на тоа. Во реторика, блага или остра, во зависност од субјектот дотолку. И тука работите во политичкиот живот во Република Македонија мора да завршуваат. Во спротивно, нема држава, нема демократија, има неизвесна тешка судбина за Република Македонија. Не е точно дека инцидентите се испровоцирани од срамното во наводници барање на опозицијата за предвремени избори и нејзиното во наводници безобразно прогласување на овие избори како референдум, за или против оваа власт. Еве господа на Косово сега и Ругова и другите изјавија дека е тоа референдум на албанската популација таму. Па која опозиција во светот не бара предвремени избори, ако чувствува дека позицијата на власта и е драстично влошена и која опозиција во светот не би тврдела дека власта убедливо ги изгубила изборите, го изгубила и легитимитетот за управување со државата и дека е тоа во демократскиот и воспитан свет причина да се оди на проверка на тој легитимитет, туку тоа тврдење, како смеела опозицијата да каже такво нешто, а ние сега ќе ги ангажираме пиштолџиите полицајците, ганстерите, тепачите итн. Тоа е оправдување, тоа е плакнење на совеста на некои господа кои што ги слушам дека тоа ја испровоцирала ситуацијата. И ја наострило.

Има ли надеж се прашувам постојано за нас господо, ако вака продолжиме, ако не ги именуваме точно работите и не ги констатираме такви какви што се, ако не ја зацртаме прецизно одговорноста, нема надеж. Нема надеж, ако некој зборува за убиени момчиња, а други во овој Парламент или на друго место се смеат, дофрлаат, како да се наоѓаат во некое кабаре, или на фудбалски натпревар и уште продолжуваат да се закануваат. Нема надеж, ако тоа се случува во овој наш Парламент, меѓу нас колеги, парламентарци, припадници, сеедно на која политичка опција. Нема надеж, ако по се што се случи и во четврто гласање повторно се крадат кутии, се полнат кутии. А ние зборуваме за тоа крадење овде цел месец. Нема надеж ако овој Парламент не може да се согласи по нешто што е толку очигледно, дека изборите во вториот круг беа вистинска катастрофа. Ако овој Парламент да ја лоцира одговорноста, како што зборуваше и

Цане. Ако не е способен овој Парламент да ги нареди одговорните луѓе овде да реферираат, зошто го допуштија сето тоа да се случи и да понесат одговорност. А одговорни луѓе овде нема. Беше констатирано безброј пати, надлежните државни органи, "пет пари не фрлаат" за овој Парламент и за овие пратеници. Не фрлаат, зашто не им се заканува ништо од овој Парламент. Тие се газди во државата, тие се се и сешто во државата, овој Парламент е нула за нив и нема зошто да дојдат и да слушаат будалести членови на Парламентот, како што изјави потпаролот. А овој Парламент ги избира тие органи, ја бира таа власт и тие луѓе. Нив ги нема овде се разбира, да реферираат и да кажат што направија тие, што презедоа, зошто дремеа, ги попречи ли некој, кој ги попречи, за да интервенираат како што треба според Уставот и законите на оваа држава. Нема решение ако државните органи се претвораат во класична партиска логистика, полиција, судство, изборни органи, спроведувајќи ги изборите, употреба на државни буџети, јавни фирми итн. Може да има решение, ако не како што се напишани оние заклучоци таму, тие ништо нема да ни донесат. Може да има решение ако државните органи понесат одговорност за тоа што добивме вакви избори. Оставка на првиот човек на полицијата, а потоа на сите други од полицијата, што беа инволвирани во овие избори. Веднаш, затоа што беа инволвирани, не смееја да бидат инволвирани според Уставот на Република Македонија. Оставка на таа смешна државна изборна комисија, особено на нејзиниот прв човек, веднаш, заради партиска пристрасност, неспособност елементарна и се разбира, не е тој првиот што е ставен за работа која што не е соодветна за тоа. Соодветни консеквенции за судии што напишале наместо правни, политички образложенија, при одбивањето или прифаќањето на жалбите од учесниците во изборите. Има смешни образложенија од судии, кои што не смеат да се појават, срам за целата судска професија. Кривична одговорност за насилниците, убијците, тепачите. Кривична одговорност за тие што фалсификувале исправи. Во кривичниот законик до пет години е затворска казна, колку што се сеќавам од минатиот, а претпоставувам дека и во овој е задржана, ќе одговара ли некој, според тој кривичен закон за фалсификување на избори. Еве нека биде и од опозицијата, ама најдете го и кажете дека е тој од опозицијата. Но да одговара според кривичниот закон за тоа фалсификување на изборите. Кривичниот законик предвидува до пет години казна затвор. Дури потоа отстранување на слабостите во законите. Ние можеме да ги направиме перфектни законите, но ако сето ова се случува, "пет пари не вреди" ниту еден македонски закон, ниту пак некој ќе го почитува. Овие мерки, ако може и сака да ги истера да ги примени овој Парламент, се разбира не директно да ги примени, може да се надеваме на подобро. Притоа, ако спроведе вакви мерки, тогаш, одговорните се казнети. Ако Парламентот не е способен тоа да го направи, тогаш целата одговорност дами и господа, паѓа на овој Парламент. Не се согласувам со господинот Петковски кога вели, ние овде не сме виновни. Не велам дека некој овде е виновен. Овде не сме виновни, до моментот додека дискутираме и утврдуваме како поминале изборите. Ако сето ова што се случи не помине со соодветни казни за ДИК, за полицијата, за некои судии, за некои тепачи и убијци, ако тоа Парламентот го премолчи, ако тоа помине на Парламентот така, тогаш овој Парламент е соучесник во сето ова што се случува. Тогаш ние ги имаме на душа оние кои што се убиени, оние што се ранети, оние што се претепани, оние изборни фалсификати. Затоа што овој Парламент не е дебатен клуб. Овој Парламент донесува закони, овој Парламент контролира како се спроведуваат тие закони, овој Парламент донесува Буџет, овој Парламент контролира како се спроведува тој Буџет и слично на тоа. Значи, Парламентот си ја зема на совест сета оваа ујдурма во врска со изборите, ако од сета оваа дебата не биде ништо. А како што одат работите, нема да биде ништо. Затоа што, за елементарни работи, очигледни работи, овде нема согласност. Мислиме дека ќе ги надмудриме другите. Меѓутоа, за да се случи таа работа господо, треба да се им малку храброст. Човечката историја кога се пишува се пишува за јуначките дела, главно на поединци, групи итн. Таа не се пишува за кукавичлостите. А многу војни и несреќи се предизвикани од кукавичлук. Ако имало храброст во некои моменти ќе немало и војни. Но немало храброст, се молчело. Се таеле, се криеле настрана, не прозборувале од различни причини и се случувало, тоа што се случувало, трагедии и трагедии во човечката цивилизација. Тоа имам да го кажам во врска со конкретното прашање за изборите, одвивањето на изборите и слично на тоа. Овде во Парламентот неколку луѓе во текот ан дискусијата правеа анализи врз моите говори за време на изборите што сум кажал и како сум кажал, колешки, колеги итн. Јас нема да реплицирам со ниту еден од

тие, што кажале и како кажале. Но имам обврска да одговорам на едно прашање, кое што беше поставено од заменикот координатор на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Прашањето беше: Како тој вечен политичар Гошев наоѓа врска меѓу, би му посакал и тој да биде вечен, наоѓа врска помеѓу Ванчо Михајлов и локалните избори. Јас сум должен, бидејќи бев јавно прашан, а јас зборував за тоа прашаше на изборите, да одговорам на тоа прашање каква е врската според мене меѓу Ванчо Михајлов и локалните избори.

**ПЕТАР ГОШЕВ:** (Продолжение)

Прашањето беше поставено. Да не беше поставено можеби немаше да говорам денеска за тоа прашање, независно што завчера ни се случи овде сред Скопје. Таа врска господа ја гледам на следниот начин.

Слушам дека за Ванчо Михајлов сеуште има матни работи демек нејасни работи, слушав дури од колеги пратеници, тој се борел за самостојна Македонија итн., се бориме и ние за самостојна Македонија демек сме исто со Ванчо Михајлов, со неговата платформа.

Се разбира нема многу да цитирам, таа граѓа е огромна, историска, но само неколку примери од Ванчо Михајлов за неговите ставови, па ако ги дели некој овде во оваа пратеничка група, во овие партии на владеењето нека ги дели, тоа е демократски, ама ние ќе се бориме против таа идеологија. Сега тој господин Ванчо Михајлов има на пример 1976 година, нема да го цитирам од 1924 година, има интервју кое му го правел некој си господин Александар Стојменов во Рим 1976 година и на прашањето 16-то по ред од тоа интервју, кое е печатено со него на слика вели прашањето е "Титовците се фалат дека ја признале Македонската држава". Одговара Ванчо Михајлов "Титовците објавиле некаква Република на книга, вели Ванчо Михајлов, но во замена на тоа ни ја погазиле народноста. Јас тоа не се сеќавам дека ни ја погазиле народноста, не навлегувам колку сме биле рамноправни, која Република во бивша Југославија имала повеќе доминатно место или не, а да ни ја погазиле народноста, Титовците не ни ја погазиле и тоа е факт и тоа е огромна лага и не е точно". Па вели "Ако некои заблудени луѓе - хора тврдо говорат дека биле од Македонска народност, ние треба десет пати потврдо и гордо да им изјавуваме, да говориме дека сме, блгари од векови", тоа вели Ванчо Михајлов и многу други нешта во таа платформа.

Ванчо Михајлов во 1990 година има писмо до пиринските Македонци (дофрлување од место).

Ве молам бидете трпеливи, прашањето е многу важно, а бев прашан директно и морам да одговорам. Кому не му е важно ова прашање може да го третира за неважно само нека измолчи, но мислам дека секој во себе чувствува дека е ова многу важно прашање и дека нешто лошо ни се случува во Република Македонија. Во тоа писмо од ноември 1990 година, тоа е пред смртта на Ванчо Михајлов, напишано е дека Македонската нација и јазик не постојат. Тој што се борел за Македонија, де. Ова е честитка од Иван Михајлов за 50-годишнината на Македонската патриотска организација, која овде се обидоа некои господа да ја претстават како организација, која со векови се бори за Македонската кауза. Писмото е и на англиски и преведено. Во тоа писмо за МПО вели "МПО го основаа грст луѓе" вели Ванчо Михајлов. "Но, тоа што е битно за МПО не е нивниот број, туку идеите на организацијата, со она што ја сочинува нејзината суштина. Патосот што го согледуваме во сето ова е возвишен, возвишениот патос на Ванчо Михајлов, како што искуси бугарската нација во нејзините победи и нејзините порази во последните 150 години и неизменет извира во духот на македонските бугари. Би можело дури да се рече дека беше уште посилен, токму затоа што е длабоко врзан со Македонија, а се одразува и во целта на Македонската патриотска организација. Водачите на МПО сториja се што можеа за да ја задржат организацијата над докажаниот пат на националниот идеализам. Секој бугарин може (потпретседателот го опоменува со звонче) да ги осети и забележи нужните ограничувања (потпретседателот го опоменува со зборовите, но заради исклучениот микрофон не се слуша).

Ве молам немојте да ми пречите. Јас не излегувам, сега ќе дојдам на дневниот ред. (Потпретседателот му вели: Јас не знам уште колку имате). Уште колку сакам ќе имам, имам право да зборувам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Вие требаше да реагирате во времето кога сте спомнати.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Немојте да ми кажувате кога да реагирам, јас ќе сум вчерашен.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Вие цела историја кажувате.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Нема цела историја, само партија, не се секирајте.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ја прекинувам седницата, пауза до 15,30 часот.

(Потпретседателот Халими ја напушти седницата).

(Општо негодување во салата, господинот Гошев продолжи).

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Добро, тој може да си оди, ако сака, секој Бугарин може да ги осети и забележи нужните ограничувања во своето говорење, пишување и делување. Овие ограничувања не смеат да бидат штитени ниту за бугарското национално и духовно единство итн. Тоа е потсетување на Ванчо Михајлов. Сега господа (веќе се исклучени микрофоните), ќе ве потсетам на ВМРО-ДПМНЕ и Љубчо Георгиевски. Врската меѓу Љубчо Георгиевски и ВМРО-ДПМНЕ. Ќе продолжам после.

(Седницата прекина со работа во 14,30 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,50 часот).

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Според пријавените дискутанти на ред е господинот пратеник Бранко Црвенковски.

(На говорница излегува Петар Гошев).

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Господине потпретседателе, сакам најпрвин да ви кажам две - три процедурални работи.

(Реакција од место од страна на пратениците).

Првата работа е да не се однесувате од тоа место арбитрарно и дискриминаторски, нееднакво спрема пратениците.

Втората работа е да не се обидувате мене да ми држите лекции за која тема да зборувам, оти малку повеќе искуство имам од вас во оваа работа.

Трето, не сум поглупав од вас, бидете сигурни (од место еден пратеник дофрла дека пак ќе го прекинат ако продолжи вака).

Четврто, претходниот дискутант почитуваниот Положани, зборуваше за Косово пред мене покрај другото зборуваше за право на самоопределување, па не го прекина господинот потпретседател. Јас зборував за темата и зборував за Македонија. Тоа сакав само како напомена, а вие сигурно нема да ме прекинете почитуван колега, нема да ме прекинете сигурно (му се обраќа на пратеникот што му дофрли пред малку). Нема да ме прекинете бидете сигурни.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали имате уште процедурално?

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Процедурално толку, а сега ќе продолжам со дискусија.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Сега збор има господинот пратеник Бранко Црвенковски.

Ве молам напуштете ја говорницата.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Сега збор има господинот Петар Гошев, бидејќи не ја заврши дискусијата.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Јас ја водам седницата, а не вие.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Вие ја водите седницата, а јас морам да зборувам да си ја завршам дискусијата, бидејќи на оваа седница е договорено дека нема ограничување на дискусиите.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Да, само на темата. Нема проблем.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Вие немојте да ме учите која е темата.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Темата ја знаеме, знаеме што имаме на дневен ред, ве молам немојте вие да го пречекорувате тоа што е на дневен ред.

Ако продолжите и понатаму надвор од темата што е на дневен ред ќе ве прекинам, се извинувам. Морам деловнички да постапам.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Значи, на последниот дел од мојата дискусија се обидував да одговорам на прашањето каква врска има Ванчо Михајлов со локалните избори, прашање (од место му дофрла пратеникот Спанчевски). Спанчевски?

Прашање што ми беше овде поставено од заменикот координатор на ВМРО-ДПМНЕ на седница овде.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Овде? Јас не сум бил тука.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас имам право да одговорам, се разбира, на тоа и во моментот пред да бидам

прекинат цитирав што Ванчо Михајлов мислел за Македонците и прочитав неколку документи во кои јасно и недвосмислено до пред неговата смрт јасно гласно пишувал во безброј документи писма, интервјуа дека нема Македонци, дека има бугари овде во оваа држава.

Одиме на следното прашање.

Што ВМРО-ДПМНЕ и Љубчо Георгиевски имаат со тоа и зошто се поврзуваат со локалните избори?

Ова е брошура (ја покажува на пратениците) напишана од господинот Љубчо Георгиевски. Таа брошура е објавена на англиски, бугарски и македонски јазик. Во таа брошурка господин Георгиевски сите патриоти и џелати ги става подеднакво, дури ги фаворизира џелатите на Македонскиот народ, па меѓу другото вели "жртвите на Александров и Михајлов се барем десетина пати помали од жртвите на другарот Тито, на Лазо, на Крсте, на Вера, на Киро Глигоров, на Борко итн". Значи, овие се поголемите крвници на Македонскиот народ од Ванчо Михајлов за кој овде... (господинот Флоровски му дофрла, не држиме час по историја).

Понатаму господинот Љубчо Георгиевски во оваа брошура каде повторувам ги измешува сите џелати и патриоти вели "зарем не сфаќаат нашиве историчари дека помина времето кога историјата се пишуваше во затворените граници од Гевгелија до Врање. Нашата наука е, според господин Георгиевски од Гевгелија до Врање. Овој меморандум е меморандум од Македонскиот научен институт во Софија, кој е популаризиран по повод јазичниот спор меѓу Македонија и Бугарија. Во овој меморандум случајно или намерно на страна 12 вели "Скопската наука се котира од Гевгелија до Куманово". Овде нашата наука, според бугарскиот напишан Македонски научен институт се котира од Гевгелија до Куманово, Георгиевски ни проширил малку, па вели до Врање се котира. Сличноста и истоста вие можете самите да ја прочитате.

Во овој научен таканаречен памфлет за спорот вели, дека во различни периоди во Македонија, под српската власт се применуваше де Гарашиновиот план од 1913 до 1941 година, де Новаковиќевиот план од 1948 до 1913 година современото македонско раководство не спроведува по различна политика од србокомунистичката како идеологија и како практика македонизмот е опит за денационализација на блгарскиот народ и јазик во Македонија. Се инспирираат една со друга очигледно, прочитајте ја, па ќе разберете за идеолошката подлога и на вашиот лидер. Но, тоа е една работа господа.

Ова е информативно политичко списание (го покажува списанието на пратениците) на ВМРО-ДПМНЕ "Глас". Овде имате статија за 100-годишнината од раѓањето на Ванчо Михајлов "Непокорениот дух на Македонија". Овде има апотеоза за оној што исклал илјадници македонски патриоти и за оној што ви читав претходно, ве потсетував, не верувам дека не знаете, кој никогаш, од секогаш го негирал постоењето на Македонската нација и македонскиот јазик.

Овде има статија од прочуениот Стојче Наумов кој слично го прави со години. Овде имате статија од познатиот Миле Неделковски под едно име, па од Миле Јовановски под друго име во вашиот партиски "Глас". Имате безброј списанија, броеви на вашата Партија во кои џелатите се прават херои, а хероите се прават џелати на Македонскиот народ.

Имате пред неколку години, не сакав да ги собирам сите, се разбира, каде Јане Сандански, Тодор Паница се џелати на Македонскиот народ. Прочитајте ги, ако се согласувате дека е така, кажете дека е така и јас немам против.

Значи, врската меѓу Ванчо Михајлов и ВМРО-ДПМНЕ со неколку примери.

Врската меѓу ВМРО-ДПМНЕ и сегашното раководство и кадровската политика на тоа раководство повторно низ неколку примери.

Ова е книгата, (ја покажува на пратениците) на господинот Димитар Димитров. Се вика "Името и умот". Во таа книга е поместена една статија за епистемолошките импликации на историографска полемика. Овој господин Димитров вашето раководство го именуваше за министер во Владата на Република Македонија. Вашето раководство го именуваше за амбасадор на Република Македонија во центарот на словенството. Тој господин пишува, јас не го именував, се разбира, ова е производ на кадровската политика на раководството на ВМРО.

**ПЕТАР ГОШЕВ:** (Продолжение)

Помеѓу другото вели, да. Најголемо зло за Македонците беше што беа Бугари, а што Европа преку Грција и Србија не им дозволи да продолжат да бидат. Ова е од екс министерот за култура и сегашен амбасадор на Република Македонија во Софија. Вашето раководство го именуваше.

Ова е интервјуто на господинот Паскал Гилевски (го покажува интервјуто) кој го поставивте, односно вашето раководство го постави за директор на Универзитетската библиотека на Македонија.

Тој господин, Паскал, вели дека, сакам да кажам дека српската власт ја окупираше Македонија, ослободувајќи ја од претходната окупација. Таа не му даде слобода на Македонскиот народ да го негува својот јазик и ги смени имињата на луѓето. Истото се случи и во Грција. Само истото не се случило со Бугарите. Србите и Грците имаат иста политика. Кога доаѓаа бугарските војски во Македонија, тие беа пречекани со цвеќиња. Директорот на Универзитетската библиотека на Македонија, со кого е заменет претходниот директор кој исто така 10-тина години и повеќе тврди дека нема Македонци и кои што е денес помошник директор на генералниот директор на Македонската радио телевизија.

Ова е интервјуто на господин Тодоровски (го покажува интервјуто), тој кој вашето раководство го именуваше за директор на Историскиот архив на Македонија. Тој господин заедно со овој господин што го спомнав деновиве, се обидоа Македонската патриотска организација да ја рехабилитираат, да ја претстават како организација која цело време се борела за македонската кауза, се разбира исто како Ванчо Михајлов што се борел за македонската кауза.

На прашањето дали од таа изложба може да се види анти македонскиот карактер на таа организација, господинот вели ние не одевме по таа линија, туку сакавме да ги изнесеме нивните политички ставови за признавањето на самостојна Македонија. Значи, прават изложба од формирањето на организацијата, ама не ги изнесуваат доказите, историографските факти за што вистински се борела таа организација, туку така индиректно може некој да види или да не види и слично на тоа.

На прашањето пак од новинарот, повеќе не може да избира, се разбира, тој вели дека, ги дели три периоди на МПО, сите три (вели) исполнети со иста политика, со поединци, така и вака, некогаш нагласувале едно повеќе, друг пат друго, од тактички причини, но вели за третиот период, а тоа е многу мал период, само 50 години од нејзиното вкупно дејствување. Третиот период ја опфаќа дејноста на ЦК на МПО кога Македонија беше во рамките на југословенската федерација 1945-1990 година. Во овој период и покрај постоењето на Македонска држава во рамките на Југославија, ЦК и МПО во извештаите од своите конгреси, во резолуциите, декларациите и апелите, сметал дека македонското прашање сеуште докрај не е решено и натаму се залага за слободна и независна Македонија од одвојување на југословенската федерација, но дека не постои, не постои Македонска нација, македонски јазик и дека комплетно целиот овој период е на сосема анти македонски национални позиции, не признавајќи го македонскиот национален идентитет и пропагирајќи дека во Македонија живеат само Бугари, како дел од бугарската нација.

Ова се само 3-4 кадровски решенија што упорно ги форсира вашето раководство на чело со Љубчо Георгиевски. Може уште да зборуваме, не сакам да ги спомнувам другите имиња, има повеќе имиња кои се бираат токму по мирисот на таа ориентација. Меѓутоа, намерата не ми беше таа овде да изнесувам цела документација за врската помеѓу Ванчо Михајлов, ВМРО -ДПМНЕ, кадровската политика односно ВМРО-ДПМНЕ, се разбира оличено во дел или во раководството негово, а некои други кои што молчат, се притајуваат како господин Паскал Гилевски кои што ме имаат влечено милион пати за ракав и слични како него ми имаат скинато веројатно две три одела, такви како него. Сега тој ги влече некои други за ракав да докажува нешто друго, за да биде амбасадор, се разбира во Унгарија. Дајте му и нему да биде амбасадор па нема да влече никој овде за ракавите. Кога ќе заврши тој период, тој ќе дава други изјави, а за штетите од сето тоа што се прават овде, и за штетите што се прават надвор од Македонија, за сите овие полемики овде во Македонија и за овој отворен анти македонизам, нека размислува, некој и уште нешто сакам да ви кажам колеги. Можете вие да излегувате кога јас зборувам, но јас ви советувам да излезете од оваа политика. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Гошев.

Има збор господинот пратеник Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Не сум директно спомнат, тоа е точно, но партијата е спомната и се разбира припаѓам некаде јас. Не сум независен пратеник. Пратеник сум на ВМРО-ДПМНЕ.

Прво, господине потпретседателе, во Деловниот кој ќе ви го цитира госпоѓата Марковска, ќе ви објасни зошто и со кое право можете да одземете збор, затоа што е сосема надвор од темата, некој да ни држи историски предавања овде. Господинот Гошев може да полемизира со неговиот сопартиец, господинот Блаже Ристевски и со МАНУ, по овие прашања и тука повеќе не сакам да навлегувам. Сметам дека ваквите дискусии не се добри воопшто за македонската кауза, за Македонскиот народ.

Но, веќе ако евоциравте спомени за одредени улоги, требаше да спомнете дека истиот тој Тодор Александров во 1919 година, ја има ликвидирано пола бугарска на чело со Александар Стамболиски. Тоа требаше да го спомнете и да спомнете уште една работа дека директно со Коминтерната разговара по македонското прашање во денешна Бугарија, поточно Пиринска Македонија. Пиринска Македонија функционираше како држава во држава, со своја полиција, со свои школи, кои беа надвор од централата Враса, тогашна Софија.

Но, ако веќе говориме за одредени врховизми од типот на бугарскиот, редно е да кажете и за други врховизми кои се повеќе од очигледни и кои постојат овде во државата. Во периодот помеѓу двете светски војни да проговорите за двете српски организации, кои направија ршум во Македонија, за "црна рака" и "коло српских сестара" кои сеуште влечат корени, кои сеуште постојат во РМ, за жал. Требаше тие работи да ги спомнете. Требаше да проговорите и за грчкиот врховизам, кој е повеќе од евидентен овде и кој оди во директна функција на разнебитување на Македонскиот народ. Ако веќе евоцирате спомени, гледајте ги работите со ист аршин, немојте вечити непријател да барате само во Бугарија. Нашето опкружување за жал е тоа кое го имаме и ни еден од тие, барем до скоро не ни мислеа добро. Така да мора да се биде принципиелен во некои работи.

Точно дека она што крена огромна прашина во Македонската држава, организацијата Радко не е пожелна, најмалку е пожелна за ВМРО-ДПМНЕ, затоа што господа вие секогаш барате некоја спојка во тие работи. Но, проговорете за одредени дејствија на Белград овде. Чесно е и тоа да се проговори, ако веќе сакате да градиме здрава Македонска држава. Дајте работите да ги гледаме со ист аршин, без разлика дали доаѓаат од Белград, Атина или Софија. За нас не е добро ако оди директно на сметка на разнебитување на Македонскиот народ и на македонската кауза. Затоа, претпоставувам дека ќе ми реплицирате, можеби не, ние се почитуваме, инаку меѓу себе. Дајте проговорете и за другите работи кои доаѓаат од север, понекогаш и од југ. Чесно би било. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Александар Флоровски.

За реплика се јавува господинот пратеник Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Навистина немам намера да реплицирам со сите и трошка намера немам да се карам со колеги овде во Парламентот. Имав намера најсериозно да ги изнесам овие мои ставови и гледања за ова што се случува денес. Со господин Флоровски апсолутно се согласувам под еднаков аршин за сите.

Кога требаше да се зборува за српскиот врховизам, се разбира вие паметите, зборував и мислам дека зборував така како што треба. Сега чувствувам дека треба да се зборува за овој врховизам, што ни се всадува во институциите на Македонската држава, што ни го вградуваат луѓе во власта и зборувам за тоа. И за тоа размислете. Немам намера да се расправам. Ако ова не е доволно, ако ова што се случува не сака некој да го гледа, тоа е негова работа. Ако некој се согласува со тоа, тоа е негова работа, негово право, ама мое право е јас да не се согласувам со тоа и сето тоа што го гледам, господо ќе го кажувам му било тоа драго нему или не. Јас имам лично подеднаков аршим спрема сите врховизми. Денес го имаме овој овде кој што е во македонските институции со јасна политика, со конкретни примери. Ако ви недостасуваат примери, можеме уште да зборуваме.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Повторно за реплика се јавува господинот патеник Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Господине Гошев, заборавате една друга работа. Не случајно спомнав српски врховизам, чиј експонент е овде амбасадорот на СРЈ Јаначковиќ и кој е веќе прогласен за персона нон грата, во превод непожелна личност. Ако веќе некој може да се јавува во име на политичка партија и одреден амбасадор да го прогласува, без докажани работи за персона нон грата, а веќе за господинот кој претходно го спомнав има таква работа, во тој контекст ги говорев сите овие работи. Ако некој се обидува да ни всадува такви типови за кои вие говоревте, тие типови, нели, ако се всадени може и да се откорнат многу лесно и многу брзо.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За реплика се јавува пратеникот Александар Пандов.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Спомната е партијата така да имам право на реплика.

И јас исто така немам право како и господинот Гошев воопшто да се занимавам со неговата личност и дело. Сепак морам да го извадам заклучокот, слаб економист кој што се обидува да биде историчар е рамен со онаа, политикант.

Јас би сакал да издвојам две работи:

Дали е свесен господинот Гошев, кога зборува околу овие работи, дали на оваа говорница, дали по митинзите, колкава штета му нанесува на својот, јас претпоставувам дека така го чувствува својот Македонски народ. Дали е свесен дека со сила на зборот сака да внесе некој црв кој воопшто не постои, кој што него и само и ретките како него може да го идентификуваат. Но, за какви? За некакви ситни политички цели. Треба ли на господинот Гошев, постојано тоа од него и од таквите како него истакнувани дека партијата ВМРО-ДПМНЕ всушност е полна со членови, најголемиот процент на членови се чисти изворни Македонци, но во неа, нејзиното највисоко раководство во кое што ќе кажам дека сум јас, јас сум член на Извршниот комитет, таму се луѓе со нечисти национални определби, што се, дали се Македонци, дали се Бугари, што ли се.

Јас сега ќе ти кажам господине Гошев. Јас сум таму член 4 години. Јас не познавам ниту еден од нив, вклучувајќи ме и мене, кој што освен Македонец е нешто друго и размислува во друг правец. Јас сум присуствувал на сите состаноци, преку сила ако сум отсуствувал само на еден и не сум слушал, за тоа можам да се колнам, дека се зборувало за некои други идеи. Сега за какви, некои масонски, тогаш друштва. На кои тие состаноци и собири се заговараат такви работи, тоа што вие го зборувате, веќе се бугаризирала Македонија, незнам што ќе се правело. Па вие 90% на митинзите зборувавте, која е програмата на ВМРО-ДПМНЕ, како тоа ќе се спојува Македонија со Бугарија. Ќе ви го кажам сценариото кое што го предвидувавте и кое, сега после 2 години, очигледно не е така. Ќе се либерализира до максимум економијата, со тоа што ќе има голем проток на стоки и на луѓе, ќе се изгубат веќе пасошите, нема да постојат пасоши со лични карти, ќе има влез на ваква, онаква пропаганда, автоматски ние ќе сме станеле тоа што не сме. Незнам, еве колку гласно треба да кажам дека јас се чувствувам Македонец. Јас сум Македонец и ништо друго не можам да бидам. Дека моите деца се Македонци и ништо друго не можат да бидат. Дека сите луѓе кои што ги знам во партијата се Македонци и ништо друго не можат да бидат.

Јас ќе ви го кажам следното. Никогаш до сега тоа не сум го зборувал, не е за темата локалните избори, но ќе ја злоупотребам говорницата и сакам да го кажам.

Имаше бомбардирање на СР Југославија. Јас ќе ви кажам следново. Незнам која друга држава, а сигурно Бугарија не, да и се случеше не јад Боже истото тоа што и се случило на Србија, помалку, многу помалку луѓе ќе жалеа, а искрено жалеа за тоа што и се случуваше на Србија. Во мојата партија ВМРО-ДПМНЕ имаше, повторно ќе ви кажам, голем број на членови кои искрено жалеа, како за своја земја, што се бомбардира некоја друга, соседна, северна држава. Што, тие луѓе беа србомани, тие се србофили, тие не се Македонци? И повторно ќе ви го кажам тоа, кажано е тоа од сите, и од претседателот Георгиевски е кажано, од сите членови од сите функционери во партијата е кажано. Можеби и има 5 луѓе во партијата кои се чувствуваат блиски со источниот сосед. Тоа си е нивно право. Вие заради тоа ќе кажете дека цела партија води пробугарска политика, дека сака да бугаризира Македонија, дека незнам што прави. Не ми е сфатливо.

И конечно, повторно исто ќе ви поставам прашањето што господинот

Флоровски ви го постави. Не лично кон вас, вие сте експонент на една политика која што се заговара во Македонија 10 години.

Коалициониот партнер ваш, ќе ми извини господинот Ѓорѓе Марјановиќ, после првиот круг на изборите не броеше на Македонци и на Бугари, односно кој гласал за ВМРО-ДПМНЕ е Бугарин. И сега јас пак ќе кажам, јас не сум, јас сум Македонец. Сите овие до еден пратеници што ги гледам тука и тие 6 што отидоа таму, јас ви гарантирам дека се исто Македонци. Сега кого го брои. Тие сигурно сите до еден гласаа за ВМРО - ДПМНЕ. Мојата фамилија не е, а гласала за ВМРО-ДПМНЕ. Зошто вие како чесен Македонец, што не се сомневам дека сте, зошто вие тогаш не станавте и не му рековте, добро господине Марјановиќ што правите вие? Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на господинот Александар Пандов.

За реплика се јави господинот Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа, повторно на мојот претходен соговорник сакам да му укажам дека локалните избори во РМ немаат никаква врска ниту со Ванчо Михајлов, ниту со ваквите расправи. Ние за локалните избори требаше да им нудиме концепт ан граѓаните на РМ, бидејќи имаме граѓански Устав како кој сегмент од таа власт да го унапредиме. И повторно стојам до тоа дека навистина ваквите бесполезни расправи, ваквите стерилни расправи не водат кон ништо, туку треба стриктно да се потпреме на работите што ни престојат во РМ. Она за што сакаат луѓето постојано да зборуваат овде, од одредени политички партии, јас навистина ги разбирам, но навистина треба на институциите во државата што се заангажирани да си работат работата од оваа област. Како што е МАНУ, Факултетот за историја, итн., сите од овие нешта ќе си ги сублимираат, ќе ги откријат или да откријат сите документи во врска со овие настани и секој од овие личности ќе најдат свое место позитивно, малку понегативно или најнегативно во историјата на Македонскиот народ. И тоа да го оставиме за историчарите. Ние овде го имаме политичкиот дел и имаме политичка одговорност. Затоа немојте да ги мешате работите. Никој нема право во мое име да кажува колку е Македонец и како е Македонец. Јас сум толку Македонец, колку што се чувствувам Македонец и нема право никој тоа да ми го одземе. Ние имаме реални пописи во државата, во РМ и секој ќе си се попише така како што се чувствува и така како што сака. Ние сме граѓанско општество. Ние имаме и Срби, имаме и Албанци во Македонија, имаме и Роми, имаме и Власи, имаме и други малцинства, но тоа не значи ако тие работат и живеат во оваа држава и во институциите на државата работат, тоа не значи дека ние во државата инкорпорираме таква пролинија, или било каков врховизам.

Токму заради тоа, за да ги надминеме сите овие работи ве молам повеќе да се расправаме за работите што ни престојат и темата што беше на оваа седница, околу локалните избори 2000-та година. Да најдеме можни решенија, да најдеме извесни решенија. Да седнеме како политички партии за сите отворени прашања, за сите негативности да се договориме. Да се изменат сите законски акти од оваа област и да можеме заеднички со консензус или со акламација да ги измениме и дополниме и на крајот да знаеме какви наредни избори ќе имаме. Инаку, оваа бесполезна расправа не води кон крај. Ова само ги заострува меѓучовечките односи во државата и меѓучовечките односи помеѓу нас овде како пратеници. Ве молам престанете еднаш, минаа времињата за докажување кој колку е поголем Македонец или националист. Времињата се променети, дуваат други ветришта. Ние треба поинаку да работиме, поинаку да размислуваме и на дело направиме работи за да можеме навистина да се вклучиме во Европа. Инаку, ако вака се враќаме назад, повторно во 90-те години, или пак 1912 и 1913 година, тоа е само една ремилистенција колку да се вклучиме како да ја градиме иднината, а не да расправаме за теми кои веќе се апсолвирани и надминати. Затоа мислам дека е време заеднички да најдеме решение за точката што е на дневен ред.

Тоа беше моето поранешно појаснување за тоа дека навистина во локалните избори се водеше една непотребна кампања, кампања која не беше во духот на локалната самоуправа и подобрувањето на сите овие проблеми во локалната самоуправа што ги имаме во РМ, а навистина ги има многу.

Ова е еден мој добар прилог околу овие нешта за да можеме да продолжиме со работа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Ѓорѓи Котевски.

За збор се јави г-ѓата пратеник Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Г-дине потпретседателе, процедурално барам збор, а после ќе реплицирам.

Г-дине потпретседателе прво ќе ви се обратам вам, бидејќи знам дека сте вие смирена и неконфликтна личност, меѓутоа јас ве молам да не го претворате Собранието во Хајт парк, од причина што се знае дека ова е законодавен дом. На тоа ве обврзува Деловникот член 106, бидејќи очигледно добар дел од пратениците не го прочитале или се апстрахираат од неговата содржина. Тој вели вака: "Говорникот може да говори по прашање што е на дневен ред‟. "Ако говорникот се оддалечи од дневниот ред претседателот, односно во овој случај вие, ќе го повикате да се придржува на дневниот ред‟.

Ставот 3 вели "ако говорникот и при повторното повикување не се придржува на дневниот ред претседателот може да му го одземе зборот".

Г-диен потпретседателе, ве молам да не патите од величина, уште помалку кога некој ќе ви ја прозре глупавоста, како што овде беше речено, или искуството, бидејќи апсолутно не сте поглупав од другите, дури напротив сте попаметен од нив, а искуството како категорија никаде не е рангирано за да некој сам си земе за право да си дава и да си одзема збор.

На крајот морам нешто да кажам и покрај тоа што реков дека ќе се апстрахирам до крај од репликите, особено од оние личните, бидејќи може кој што сака да каже за мене и мојата кариера, тоа му го оставам нему и на јавноста да просуди, меѓутоа очигледно овде имаме луѓе кои што имаат кратка амнезија, или пак сакаат да ја имаат.

Јас не го пратам г-динот Димитар Димитров, ниту пак му ги читам неговите книги и најмалку сакам да го бранам. Меѓутоа очигледно луѓето забораваат кој е тој г-дин Димитар Димитров. Г-динот Гошев ќе го потсетам дека тоа е истиот оној Димитар Димитров, чија што сопруга, Ратка Димитрова му ја формираше една од партиите - Демократскиот Сојуз, мислам и тоа е истиот оној г-дин Димитар Димитров кого што г-динот Гошев во една викендица, ако има потреба ќе кажам каде, и кого не 24, туку 48 часа го молеше да биде член на тогаш новоформираната Демократска партија или Демократски сојуз. Ете тоа е тој истиот г-дин Димитар Димитров, за кого што вели вашиот човек и вашата партија и вашиот.

И на крајот сакам само во едно да го замолам.

Г-дине Гошев не му го правите тоа на Македонскиот народ, тоа што на вас континуирано СДСМ ви го правеше порано, а очигледно ви го прави и сега. Сите ние можеме да бидеме случајни актери во политиката, можеме и да не бидеме присутни меѓутоа, во РМ нема да живеат бугари, односно не живеат бугари, како што вие милувате да не прикажете нас и сите оние кои што гласаат за ВМРО -ДПМНЕ.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на г-ѓата Ѓулистана Марковска.

Нејзината забелешка беше на место затоа што навистина јас или ние што ги водиме овие седници, треба да го почитуваме Деловникот. Според тој Деловник јас постапив пред малку, кога го прекинав г-динот пратеник Гошев, затоа што излезе од дневниот ред. Не дека јас сакам, туку сакав да го почитувам Деловникот, иако некој за време на паузата тоа го нарече како скандал.

Навистина ние сме во тешка ситуација како да ја водиме седницата, дали според Деловникот или надвор од Деловникот. На било кој начин да постапиме ние сме критикувани било од опозицијата, било од дел од новинарите, за жал, затоа што таа прилика ја имав пред малку. Но, за тоа да не продолжуваме, бидејќи имаме многу теми и прашања за расправање, меѓутоа тоа треба да го оставиме за некоја наредна седница.

Сега на дневен ред се знае која точка ни е и ве молам според тоа и да постапиме.

Бидејќи никој друг не бара збор за реплика, има збор г-динот пратеник Бранко Црвенковски.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Г-дине потпретседателе, почитувани пратеници, оваа седница трае скоро три недели, и досега во нејзиното работење свое учество земаа скоро 50-тина пратеници. Верувам повеќе од било кога досега и по било кој повод во ова Собрание. Овие денови во повеќе наврати слушнав оценки кои доаѓаат и од пооделни наши колеги, меѓутоа и во јавноста дека расправата станала јалова, бесполезна, контрапродуктивна. Некои дури почнаа и да

ја мерат оваа седница по бројот на седници, потрошена хартија, или други материјални трошоци. Ја чувме дури и оценката на владиниот потпарол, за која патем речено сеуште го очекуваме ставот на Владата, а со заклучок побаравме Владата да се изјасни за неговата изјава дека Парламентот се занимава со глупости. Е, па ајде почитувани колеги да видиме, да индентификуваме за кои, според Владата, глупости се работи, за што всушност на оваа седница расправа Собранието на РМ.

Точката на дневен ред гласи: Локални избори 2000-та година, нивниот тек на инциденти, нерегуларности, вклучувајќи го и нападот на пратениците ВМРО - Вистинска, нивните семејства и домови.

Во една држава мерило, репер, огледало за нивото на демократијата, на слободата, на еднаквоста, на рамноправноста на граѓаните пред Уставот и законите се изборите, без разлика дали се работи за локални, парламентарни или претседателски. Изборите се чин на соочување со граѓаните, на давање отчет пред народот, чин на изразување на прекусновената волја на единствениот врховен арбитар во Парламентарната демократија - граѓаните.

Со други зборови без чесни, фер и регуларни избори нема слобода, нема демократија во Македонија и крај. Тоа е крај на сите оценки, на сите проценки. Од тоа бегање нема. Тука не помагаат никакви реторики, еквилибристики, декларации, замачкување на реалноста.

Затоа првото нешто што треба да го констатира овој Парламент чесно, одговорно, непартиски или над партиски е дека овие избори не беа демократски, не беа фер и не беа регуларни. Без вистинска дијагноза на она денес што е стварност во Македонија, без соочување со реалните состојби, без да и погледнеме на вистината во очи нема шанси да ги откриеме извесните решенија, нема да дојдеме до одговорот на прашањето што е тоа што мора да направиме за да излеземе од оваа ситуација во која се наоѓаме. Значи, овие избори покажаа дека достигнатото ниво на демократијата, на слободата во Македонија е загрозено. Не да немаме исчекор напред, не да немаме статус кво, туку имаме огромно враќање назад, ретроградни процеси со огромни последици.

Оваа оценка би била уште поиздржана, поцелосна кога би се потсетиле на уште една цела серија инциденти, манифестации на грубо кршење на демократските принципи кои во континуитет се случуваат во овие две години и кои не се директно поврзани со локалните избори, како што се: дискриминација и санкционирање на политичките истомисленици по сите основи (смени, разрешувања, деградација на вработените во администрацијата, во образованието, во здравството, во јавните претпријатија), делење на стопанските субјекти на политички подобни и политички неподобни - наши, ваши, селективна и политички мотивирана употреба на репресивните и контролни институции на системот (полицијата, инспекциите, управите, обвинителството), директен притисок и репресија врз медиумските куќи (електронски или печатени), кои се решиле да информираат поинаку од званичните насоки дадени од страна на власта, приведување и претепување на новинари, одземање на снимени материјали, па се до она што е меѓу другото и една од конкретните теми на оваа расправа - директен физички напад и линч на група пратеници, народни избраници заради нивниот политички став.

Правото или поточно речено слободата на свој политички став е, или би требало да биде загарантирана за секого, за секој наш граѓанин. Пратениците не се никаков исклучок од тоа правило. Напротив за нив како народни избраници, експоненти на народната волја Уставот предвидел и дополнителни механизми за заштита, како што е на пример пратеничкиот имунитет. Правото, пратеникот согласно своите политички определби и ставови да напушти една политичка партија да премине во друга, или да формира нова политичка партија е легитимно и честа практика во парламентарните демократии. Впрочем, такво нешто во повеќе наврати се случувало и во ова Собрание и тоа во сите три негови состави. Примери има бројни, можеме да се потсетиме. Еве, од претходниот мој дискутант, г-динот Петар Гошев, кој од позиција на член на парламентарната група на СДСМ, поранешен претседател на нашата партија, се реши да формира нова политичка партија. Го имаме искуството од СДСМ кога еден пратеник од Ресен, Гоце Андоновски, во првиот состав реши да премине во независни пратеници. Го имаме искуството на Ѓулистана Марковска, која од Сојузот на Реформските сили реши да премине во друга политичка партија.

(Ѓулистана Марковска од место - како независен пратеник) прво независен, точно, а потоа и во друга политичка партија што значи имавте дупли транспорт. Го

имавме примерот на преоѓање од СДСМ, на пр. Драган Митевски од ЛП, се реши да премине во СДСМ. Имаме искуство од овој состав на Парламентот. Г-динот Аслан Селмани, од редовите на парламентарната група на ПДП премина во независни и меѓу другото е еден од основачите на една нова политичка партија. И, никогаш, никогаш по ниту еден од овие поводи не сме имале ваква ситуација. Што беше овој пат различно? Различно беше што група пратеници се реши, замислете, замислете се реши да ја напушти партијата на г-динот Љубчо Георгиевски, Партијата ВМРО-ДПМНЕ. Е, тоа не може. Се друго во ова Собрание може, меѓутоа некој да се дрзне и да реши да ја напушти партијата на г-динот Георгиевски и тоа неказнето, тоа не може. Тоа мора брутално да се казни за пример на сите останати, за пример на сите други. За траумите и трагедиите низ кои што поминале и сеуште минуваат овие наии колеги и нивните семејства нема што да додадам повеќе од она што самите го изнесоа пред нас и пред целата Македонска јавност. Се надевам дека секој од нас барем за момент се замисли себеси и своите деца на нивно место. Ако тоа не ја пробуди нашата совест тогаш не верувам дека било што друго може да го направи тоа. Ако тоа не не направи да го ставиме она човечкото над партиското, тогаш ние без разлика кој на која страна од оваа сала седи тогаш сме изгубен случај. И секој оној кој ќе се обиде да премине преку ова како ништо да не се случило станува директен соучесник во една примитивна и срмана работа.

Ќе ви кажам уште една работа. Претседателот на ВМРО - Вистинска, г-динот Борис Стојменов во еден долг период беше потпретседател на партијата ВМРО -ДПМНЕ. И не само тоа, туку и најголем финансиер на таа политичка партија. На платниот список на неговата фирма се наоѓале пола раководство на оваа партија на чело со Љубчо Георгиевски.

Борис Змејковски беше долг период генерален секретар на ВМРО-ДПМНЕ, а по локалните избори 1996 година, стана и директор на јавното претпријатие "Дрисла" во Скопје. СДСМ беше на власт, не сам туку во коалиција уште со неколку политички партии, а овие претходно двајца споменати господа, беа во првиот ред на нашиот на жесток политички противник. Никогаш, ама никогаш не ни падна на памет да ја употребиме или злоупотребиме полицијата, Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање, инспекциите, Управата за јавни приходи, за политичка пресметка.

А, гледајте што денес се случува. Серија кривични пријави, приведувања во полиција, решенија за рушење, притисоци за закани и тоа према кого, према своите довчерашни први луѓе - пратеници и политичките сопартијци. Една работа да расчистиме. Со ВМРО - Вистинска имаме различни во многу нешта и спротивставени програми. Ние сме социјалдемократска партија, а тие се десна или десно центристичка политичка опција. Тоа значи дека перспективно гледано ние ќе бидеме жестоки политички противници. Но, она што е добро не за СДСМ, туку за Македонија е доколку се создаде автентична Македонска десница. Дали тоа ќе се случи ќе покаже времето, но тоа во секој случај е потребно на Македонија.

Почитувани пратеници, демократија без јасни правила на игра, без правна рамка пред која сите граѓани ќе бидат еднакви и без институции на државата, кои тоа ќе го овозможат нема. Со други зборови демократија без правна држава нема. Погледајте само што се се случуваше низ оваа расправа. Што се е напишано во записниците на изборните комисии или во решенијата на судовите во врска со овие избори - искршени избирачки кутии, полнење на кутии со гласачки ливчиња, фалсификувани лични карти и избирачки легитимации, насилно отстранување на избирачки одбори и овластени контролори, протерување и малтретирање на меѓународни набљудувачи, претепување на членови на избирачки одбори, употреба на огнено оружје, ранување на луѓе, па се до убиства и обиди за убиства на избирачките места. Сето ова не е резултат на лошите или слаби закони, било изборни или кои што се дел од нашата правна регулатива, како што некои дискутанти се обидоа да ја релативизираат целата работа. Ниту една од претходно споменатите работи, по ниту еден важечки закон не е дозволена. Напротив сите до една претставуваат кривични дела, меѓутоа кој после цела една година на претседателските избори беше изведен пред судот на правдата за истите или слични работи. Се откри, се казни ли виновникот за украдените 14.000 избирачки легитимации од подрачните министерства за правда во Тетово и во Гостивар. Се открија ли виновниците за претепувањата во Велешта, во Лабуништа, во Лојане и на уште десетици места низ РМ. Врховниот суд во повеќе избирачки места во 23 изборни единици го поништи гласањето само врз основа на еден ноторен факт. Во кутиите имаше повеќе ливчиња одколку поделени избирачки

легитимации во таа изборна единица. Одговараше ли барем еден единствен претседател на избирачки одбор заради тој груб фалсификат. Овие денови додека трае оваа седница често пати имавме прилика да ја слушнеме пораката - да ги оставиме институциите да си ја вршат работата. Па, кој им брани на институциите да си ја вршат работата. Дали ние со нашите дискусии во ова Собрание ги попречуваме во нивната работа. Како што гледате дури ни времето не им го одземаме, бидејќи не не удостоија ни со своето присуство во текот на оваа седница.

Убиството во Кондово на младиот Фатмир Јакупи се случи на 10 септември, пред точно 50 дена.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:** (Продолжение)

Министерството за внатрешни работи и Обвинителството уште не го открија убиецот. Заради присила со огнено оружје во вториот изборен круг Судот во Охрид побара приведување на одредени лица. МВР издаде соопштение во кое тврди дека лицата се недостапни за органите на прогонот. И одеднаш, токму тие недостапните за МВР на самиот ден на прегласување се појавуваат на избирачките места, снимени се во разговор со полицијата и не само тоа, туку вадат пиштоли и автоматско оружје и пукаат во луѓе. Или погледајте го само примерот на одземените фалсификувани лични карти, кои требаше да послужат како доказен материјал. Инспекторот на пат до Управата за внатрешни работи во Охрид, ги изгубил. Па вакви приказни повеќе во забавиште не поминуваат, а вие сакате да ги продадете пред Парламентот и пред целата македонска јавност. Можно ли е да имаме до таа мера неспособно Министерство за внатрешни работи и Обвинителство да не можат за цела една година да откријат ниту еден виновник и да спроведат барем една легална и легитимна судска процедура. Нема друго, или се апсолутно неспособни, или се директна спрега со виновниците нивни заштитници и прикривачи, а со самото тоа и соучесници кои самите треба кривично да одговараат. Правна држава без ефикасни и во политички смисол неутрални институции нема. За жал ние не само што немаме такви институции, туку состојбата од ден во ден се влошува. Политизацијата и партизацијата станува се подоминантна. Нема поефикасен начин за растурање на државното ткиво, на државниот скелет или конструкција од разјадување и злоупотреба на институциите на системот. Газењето на правната држава во овие две години за жал не е поврзано само со збиднувањата поврзани со изборите, било претседателски, било локални. Бројни се примерите на упади без било каква правна основа по домови, претпријатија, судови, приведување на луѓе, а потоа нема никаква правна процедура. Врховниот суд беше од оваа власт прогласен за националистички и шовинистички, а Уставниот суд за анти реформски, а говориме за независно судство. Бевме сведоци на докажана афера за трампа на четири македонски војници со еден затвореник и никому ништо. Министерот за правда со своја противправна одлука се откажа од испорачувањето на првообвинетиот за бомбашките напади во Македонија и повторно никому ништо. Премиерот дава јавна изјава во која не само што го оправдува, туку и го охрабрува нападот на пратениците и нивните домови, или онаа друга изјава со која признава дека контролата на одредени претпријатија е политички мотивирана, бидејќи цитирам: "опозицијата не го разбира јазикот на иднината", или дека докази за кривични дела постојат и се чуваат во некои фиоки, само од неговата политичка одлука зависи кога ќе бидат извадени. Значи, почитувани пратеници, оваа расправа е и расправа за руинирањето, урнисувањето на правната држава Македонија. Ајде за момент да се потсетиме што е заедничко во програмите буквално на сите политички партии во Македонија без разлика дали се големи, или мали, без разлика дали се парламентарни, или вон парламентарни. Кај сите ќе ги најдете истите определби: залагање за демократија, за правна држава, за реформи на економскиот систем кон ефикасна пазарна економија, за добри меѓуетнички односи и интегрирање на Република Македонија во Европската Унија и НАТО - Алијансата. Не само што тоа сме го напишале, туку често пати знаеме да кажеме дека околу овие определби, околу овие идентификувани национални и државни интереси постои широк политички, етнички и социјален консензус во Република Македонија. Значи, демократија, правна држава, реформи, меѓуетничка толеранција, Европска Унија, НАТО - Алијанса. Овие определби се кумулативни, тие се меѓусебно поврзани и условени, или се почитуваат и унапредуваат сите одеднаш и во пакет, или паѓаат сите. Зошто нема

демократија без правна држава, ниту пак има Европска Унија, или НАТО без демократија, или успешни реформи. Значи, директно, или индиректно било тоа некому јасно, или не, тогаш кога станува збор за избори во една држава, или во случајот во Република Македонија за нивната регуларност, чесност и демократичност, ние всушност говориме за основните стратешки определби, национални и државни интереси, ние говориме за слободата, за правдата, за еднаквоста, за нашата определба, за евро атлантско интегрирање. Нема ли фер и демократски избори, нема ништо. Се друго паѓа во вода. Еве, тоа се глупостите како што вели владиниот портпарол со кои се бави Собранието во овие скоро три недели.

Вториот аспект на кој во оваа прилика сакам да се задржам е начинот на кој дојдовме до оваа седница. Парламентарното мнозинство со огромна леснотија, крајно неодговорно потпирајќи се не на аргументи, туку на парламентарната математика во првиот наврат ги одби за расправа информацијата на ВМРО - Вистинска и на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, а ја симна информацијата на ПДП за првиот изборен круг од расправа на седницата. Се поставува прашањето, каде, ако не во Собранието треба да се дискутира за напад на пратеници, на нивните семејства, на нивните домови? Каде ако не во Парламентот треба да се дебатира за нерегуларностите и инцидентите на изборите за одговорноста на органите и институциите, за кои што токму ова Собрание согласно Уставот ја има контролната функција. Често пати ја слушаме тезата дека политичките аргументи спротивставеност треба да се артикулираат и конкурираат во институциите на системот. Тоа е најдобриот пристап, така мора да биде и јас во целост го поддржувам. Но, што правиме тогаш кога институциите се затворени, оневозможени, кога парламентарното мнозинство тоа не го дозволува, кога просто математичко кревање на рака се извитоперува со просто математичко кревање рака се извитоперува логиката и основната вредност на парламентарната демократија. Дали сме свесни почитувани колеги пратеници дека парламентарното мнозинство на тој начин политичката битка ја брка, ја турка надвор од институциите на системот. Без разлика кој во одреден период е власт, а кој опозиција, кој преставува парламентарно мнозинство, а кој малцинство треба да запаметиме една работа, што помалку демократија во институциите и во Парламентот, тоа повеќе демократија на улиците и на плоштадите. Тоа што проблемите ќе се симнуваат од дневен ред, ќе се ставаат под тепих, ниту ќе исчезнат, ниту ќе се намалат, напротив ќе растат и ќе ескалираат. И уште една работа, ова парламентарно мнозинство е тоа што е врз основа на расположението на граѓаните од 1998 година. Погледајте ги резултатите од претседателските и локалните избори, погледајте го збирот на гласовите на партиите што ја иницираа оваа седница Социјалдемократскиот сојуз, Либерално - демократската партија, Партијата за демократски просперитет, ВМРО - Вистинска, Социјалистичката партија и ќе видите дека денес парламентарното мнозинство во Собранието артикулира, или застапува малцинска определба на граѓаните во Република Македонија. И тоа е факт. Значи, оневозможувањето низ институциите на системот да се артикулира во овој момент мнозинското политичко расположение во државата го форсира вон институционалното изразување на тоа расположение. И за тоа власта повеќе од било кој друг во оваа држава треба да биде свесна.

Пред да продолжам понатаму, би сакал да расчистиме уште со една често повторувана теза и во овој Парламент и во јавноста, дека власта и опозицијата се подеднакво одговорни во оваа држава. Тоа е едно од најнелогичните, најнеиздржаните, да не речам најглупавите тврдења што се изречени на политичката сцена во Република Македонија. Па каде го има тоа, во која тоа нормална европска држава имаат подеднаква одговорност власта и опозицијата. Значи власта ќе биде власт, ќе решава, ќе одлучува, ќе поставува министри, заменици министри, началници, директори, ќе предлага и донесува добри, или лоши закони, ќе продава, ќе купува, ќе казнува, ќе разрешува, ќе унапредува, ќе организира избори такви какви што таа сака, ама одговорноста за сето тоа подеднакво ќе ја носи и опозицијата. Кому само тоа му текна, кој го има авторското право на оваа идеја? И како тоа никому не му текна до 1998 година да чуеме таква работа. Господа, да се биде власт, значи да се превземе одговорноста за состојбите во една држава со сите консеквенции,

добри, или лоши, со сите успеси или неуспеси, со сите грешки, или достигања. Да се биде власт не значи да се објаснуваат, туку да се решаваат проблемите на граѓаните. Народот не е заинтересиран да слуша што правела претходната власт, бидејќи тоа господа сте го кажувале тогаш кога сте биле опозиција и можеби токму заради тоа и сте станале власт. Народот сака да знае што се случува денес и што го очекува утре.

Почитувани пратеници, овие локални избори се шестти по ред избори во Република Македонија. Значи и покрај тоа што Македонија нема којзнае колку долга плуралистичка традиција, сепак веќе имаме можност да споредуваме, да компарираме. И затоа ќе поставам едно многу едноставно прашање, кои од овие шест изборни циклуси во Република Македонија од 1990 година до денес беше најдобро организиран, најфер, најдемократски и најмалку недемократски, а кој најлош, најнасилнички, најпроблематичен со најмногу инциденти и неправилности. Од ова што го слушавме во текот на оваа расправа и од претставници на парламентарното мнозинство и од страна на опозицијата околу една работа нема дилеми, а тоа е дека овие локални избори се најлошите во историјата на Македонија. Би сакал некој аргументирано да спори дека ако не најдобри, тогаш најмалку лоши избори во овие десет години искуство, плуралистичко искуство во Македонија беа токму оние парламентарни избори од 1998 година. Во 1998 година се случија избори за најважната власт во оваа држава, а тоа е централната власт. Во 1998 година дотогашната власт изгуби, а опозицијата победи. Во 1998 година уште пред коалицијата за промени да ја обзнани победата, Социјалдемократскиот сојуз го објави поразот и своето преоѓање во опозиција. И не само тоа, туку честита на победата и посака успешна работа, пружи рака за соработка. Се направи најмирно, најдемократско примопредавање на власта, не во Македонија, на Балканот, или барем овој Западен Балкан, каде што сега не ставија до тој момент. И тука сакам да спорам со уште една повеќе пати повторувана или искажана теза дека опозицијата не бира средства за брзо враќање на власта. Ве прашувам, зошто во 1998 година кога бевме власт, кога ги имавме на располагање сите полуги на власта од полиција, обвинителство, мнозинство во изборни комисии, не се послуживме со никакво, ама баш со никакво насилство да ја задржиме власта? А сега, кога сите тие институции се во Ваши раце, кога сме без било каков механизам за таква намера, одеднаш сме станале насилни и не бираме средства за преземање на власта. Погледајте го господа пратеници фактот дека и 1999-тата на претседателските избори и 2000-та на локални избори сите претепани, сите повредени, сите ранети и погодени, сите жртви се членови, или симпатизери на опозицијата во Македонија, без разлика дали се работи за СДСМ, ПДП, или некоја друга опозициона политичка партија.

Приказните дека опозицијата водела несоодветна кампања, бидејќи ги прогласила овие локални избори за референдум за предвремени парламентарни избори и затоа носи одговорност е апсурдна. Па погледајте ги барањата на опозицијата во било која западно - европска држава, сите бараат предвремени парламентарни избори и сите прогласуваат некоја одлука на Владата, или некоја состојба во државата за пресудна за да се организираат предвремени парламентарни избори. Политичките партии можат да донесат одлука да учествуваат на избори, или да ги бојкотираат изборите, да водат, или да не водат кампања, да имаат како што вие велите агресивна, или дефанзивна кампања. Со тоа не се прекршува ниту Устав, ниту закон, ниту се предизвикува насилство, или инциденти. Затоа мора да констатираме дека причината за насилство и на овие локални и на минатогодишните претседателски избори лежи во одлуката на власта да не ја почитува слободната волја на граѓаните, да ја узурпира, да ја изгази, да ја негира и со сила, фалсификат и терор да ја претвори во своја лажна поддршка. Девизата или прв, или крв, спроведена во директна спрега меѓу власта и криминалното подземје е директниот предизвикувач, причина за насилството, инцидентите и жртвите. Со тоа власта, власта и никој друг се јавува во улога на генератор на нестабилност, загрозувач на демократијата, газител на правата и слободите на граѓаните, рушител на правната држава, кочничар во процесот на интегрирање на Република Македонија во Евро - атлантските структури. Некој од вас може да рече дека употребувам прејаки зборови, или давам агресивни оценки. Меѓутоа, од секогаш сум го говорел тоа што го мислам

и тоа во што верувам. Без соочување со стварноста, без да и погледнеме на вистината во очи, без да ги наречеме работите со вистинско име, ни нема спас, нема излез. Ова не се проблеми, ова не е време за калкулации и салонски дебати, Македонија е и премала и премлада за да издржи во подолг период државен терор и диктатура. Не спаѓам во оној тип луѓе од кои пред некое време еден претставник ми рече: ова е ураган, олуја, тргни се на страна, сочувај се, нека помина, затоа што олујата ќе помине само и многу работи со себе ќе однесе, а некои од нив ќе бидат и ненадокнадиви.

Дозволете да кажам неколку збора околу конструктивноста на опозицијата, неопходноста на комуникација со власта, или како што тоа во јавноста работно беше наречено, заедничко пиење кафе со господинот Георгиевски.

Авторското право на таа идеја е моја. Првото заедничко кафе со Георгиевски го испивме при примопредавањето на премиерската функција во присуство на медиумите и камерите. Второто заедничко кафе со господинот Георгиевски го пиевме на првиот ден од НАТО - интервенцијата, бомбардирањето врз Југославија, повторно на мој предлог. Тогаш на господинот Георгиевски му порачав, ова е тежок период за Македонија со големи ризици, растерети се од опозицијата и посвети се на справување со бегалската криза. Се додека трае оваа војна, опозицијата не само што нема да опструира, туку стои целосно на располагање да помогне. И не само тоа што му го кажав лично, туку другиот ден организиравме прес конференција на која што јавно порачав дека Социјалдемократскиот сојуз како најголема опозициона партија се става целосно на располагање на Владата на Република Македонија во оваа ситуација. Сите наши луѓе доколку некој смета дека можат да помогнат со своето искуство, сме тука, бидејќи ова е навистина тежок период за нашата држава.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:** (Продолжение)

Ќе ве потсетам дека на крајот од кризата во својот настап пред Собранието Георгиевски јавно се заблагодари за конструктивното држење на опозицијата. Не само на опозицијата, тогаш се заблагодари и на однесувањето и поддршката од страна на претседателот Глигоров. И, тоа добро го знаете, се надевам дека го паметите. За да потоа, во една друга прилика, во ТВ дуелот кој што го имавме на МТВ, за истата работа изјави дека и удирал четки на опозицијата и на јавноста. Сега, видете, за да се води држава, за да се биде премиер, потребно е многу повеќе од молерски способности и удирање четки. Молерите, било Баварски, било Делчевски, не смеат да добијат своја шанса. Потребно е многу повеќе и многу поразлично од издавањето на наредби за насилие, терор, фалсификување, линчување.

Господа пратеници, крупни збиднувања се случуваат во регионот околу нас. Периодот во кој ни се гледаше низ прсти, заради неопходноста од Македонската територија како понтонски мост за активностите што Запад ги преземаше на Север од нас, заврши. Златните 5 мин. поминаа и ние не ги искористивме. Приоритетите на Меѓународната заедница во регионот се менуваат, за жал, не во наша корист. Фокусот на вниманието е веќе свртен на други делови од регионот и се надевам дека сите тоа го забележувате. Не очекува тежок и напорен период. Никој нема да ни помогне ако не покажеме и ако не докажеме дека сме волни и способни прво самите себе си да си помогнеме.

Денес еден пратеник во дискусијата рече дека има два типа на одговорности, кривична и политичка. Едната која функционира кога ќе прекршите закон и за тоа одговарате. А, втората е кога не сте прекршиле закон, ама сте направиле погрешна политичка проценка или сте донесе погрешна политичка одлука. И, за тоа носите политичка одговорност.

Е, тоа не е точно. Бидејќи, постои уште еден тип на одговорност од која никој не може да побегне, а тоа е одговорноста пред сопствената совест. Дали ова што го правиме или ова што го аминуваме е во ред или не е во ред. Со тоа ќе мора, почитувани колеги, да живееме до крајот на својот живот. На Македонија не и чинат работите. Овој Парламент, ние почитувани пратеници, имаме огромна одговорност. Зошто? Затоа што ние бираме, ние разрешуваме Влада. Ние бираме и разрешуваме министри. Ние бираме, ние разрешуваме ДИК. Ние и само ние и никој друг, можеме да ги пресечеме овие работи. Или ќе го направиме тоа, или не да ќе бидеме соучесници, како што тврдеа некои дискутанти, туку по силата на Уставот, ќе бидеме најголеми главни виновници.

Ќе повторам една реченица, Македонија ќе биде и мора да биде држава

и без Бранко Црвенковски. Меѓутоа, Македонија нема да биде држава таква каква што ја посакуваме со Љубчо Георгиевски на нејзино чело. Овде не е прашање кој ќе биде власт, туку кој не смее да биде власт во Македонија.

На крајот, се надевам дека оваа седница ќе биде седница на отрезнување и на соочување на одговорност на секого. Тоа може да се случи, тоа може и да не се случи. Меѓутоа, старите велат, секој со својот крст. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Црвенковски Бранко.

Веројатно, за реплика Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Дами и господа пратеници, ќе бидам сосема кратка. Прво, не знам што е тоа дупли трансфер. Очигледно, г. Црвенковски има грешка во сеќавањето. Јас бев независен пратеник цело време на вашиот прв мандат, додека вие бевте премиер, а преминав во независни пратеници тогаш кога вие станавте премиер, што, веројатно ќе биде пишано како прв пратеник, кој што од можност да стане позиција, станал опозиција. Тоа не ми е ни важно, имаше многу шпекулации по тие прашања, меѓутоа, поважно е што ќе зборувам за суптилните методи на казна на оние кои што поинаку мислат, а за кои што вие имате полна уста демократија.

Прво, ќе го земам сопствениот пример. Бидејќи, не се согласив да бидам член на тоа коалиционо мнозинство, бев вселена претходно како пратеник во стан од квадратура 34,6 кв., кој беше претставуван од страна на вашите медиуми, особено од г-ѓата Мирка Велиновска, како еден од најконфорните во Скопје, во центарот на Скопје.

Второ, и покрај тоа што замолив во истиот стан да останам само за време на зимата односно два месеца бев избркана, покрај тоа што имав решение за истиот, се разбира, од Владата, за која што плаќав со уредно решение, бев избркана среде месец февруари со мало 7 месечно бебе на улица, а на мојата жалбена постапка во судот, бидејќи поседував решение за тој стан, ми беше одговорено дека сум диво вселена. Подоцна, во жалбената постапка на судот бев прогласена за личност која што не постои односно нема адреса, нема каде да се обрати, бидејќи истата беше одобрена.

Следно, бидејќи постоеја пратеници кои што се на позиција односно пратеници неистомисленици, во истата зграда подоцна се всели ваш пратеник, за жал сега не е тука, г. Нано Ружин, така што станот од 72 кв., исто така, со статус на пратеник, успеа да го откупи.

Гоце Андоновски на кој што се повикувате и кој што навистина стана независен пратеник и кој што од статус на пратеник на позиција премина во опозиција, престана да биде директор по експресна постапка во Медицинскиот центар Ресен, а неговата сопруга, како познат и признат гинеколог, веројатно, заради тоа што исто така нејзиниот маж не е во позиција, мораше да отвори приватна ординација. Е, сега, за суптилните методи за награда на оние кои што преминуваат во опозиција, г-ѓата Персида Малинска, која што вие не ја повикавте, за да остане во мнозинството беше услов, за да остане и понатаму директор на Републичкиот завод за здравствена заштита. Г. Драган Митевски, познат како "Миткомерц", веројатно, за да остане повторно во тоа коалиционо мнозинство, му беше простен многу мал цех, а тоа се 495 илјади германски марки неплатен данок, кој што со каматите изнесуваше 800 илјади марки, ако се прерачунаат во времето кога требаше да ги наплати, кој што беше еден од вашите најпознати финансиери во текот на целото златно време на ембаргото, кога цели контингенти на нафта увезуваше од соседна Србија без да плати данок и кој што успеа од соседна Грција, во Србија и кој што исто така дебело и скапо си го плати вториот пратенички мандат. Што значи дека методите се различни, а казните се исти. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

И благодарам на госпоѓата пратеник Ѓулистана Марковска.

Веројатно, за реплика се јави потпретседателот на Собранието Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Од г. Бранко Црвенковски посредно бев повикан овдека да се јавам, повикувајќи се на мојата оцена двојна одговорност. И, намерно му оставив на него да размислува за совеста. Јас говорев во тој момент не од социолошка причина, туку говорев од чисто кривично правна и политичка одговорност. Господине Бранко Црвенковски, мислите дека избегнавте

било која од двете, тоа е ваше право да размислувате. Меѓутоа, од третата совесност, да знаете дека не можете да побегнете.

Прво, дали вие на совест не ќе да ги носите оние деца по ваша наредба, ваш пратеник овдека односно мој колега и ваш, им даваше по 500 денари за доаѓање во Охрид по 100 марки да дојдат во Охрид и таму да бидат жртва и да се тепаат. Дали вие тоа нема да го имате на совест додека сте живи. Зарем вие не можете да си поставите прашање, јас 100 души ги зедов и ги пратив во Охрид да водат војна. Дали нема совесно да одговорите на вашето прашање, зошто само луѓето од опозиција тоа го направија. Знаете, кој во криминал страда, оштетен и криминалец. Тие отидоа таму да вршат терор по ваш налог, вашата совест е во прашање, а не моја. Вие се повикувате на совесност. Кога ќе се дојдеше било која постапка, ги имавте на располагање весниците, да не ги редам по ред и г-ѓа Мирка Велиновска, кои измислија термин упад, насилие, безвластие, анти судство, продори, кој знае што уште не ви текна. Зошто тоа го правевте? Штом ќе се дојде до криминалецот, вие по системот, кој сами го кажавте напред, вие не сте имале демократија, па сте предизвикале да има улична демократија, да сте биле апсолутисти. Сега дојдовте до апсолутисти да бидете послушни, знаете што е одговорот, пак сте учени, пак дојдовте совесно да ја поставите, да бидете насилници. Вие тоа го докажавте 1000 пати. Било каде да е, што да дојде, упад на финансиски инспектори во фирма. Ќе го земам за пример Силекс. Судијата одбива да издаде дозвола да се изврши финансиска контрола и викате упад. Кој тука извршил упад? Дали финансиерите, кој по Устав и по закон се овластени тоа да го чинат во секое време, во секоја фирма каде ќе почувствуваат дека има криминал. Го оправдавте привидно.

Дојде и вториот дел, почна судската процедура, таа судика што ви ја разрешивме овдека, две години не може да се справи со неа да даде да почне истрагата. Дојде истрагата во Основниот суд овдека во Скопје, една и пол година не можеме да определиме вештачења од ваши што вие ги имате на совест. Јас ти кажувам од каде знам. И што се случува? Вие се ме прашувате мене од каде се јас знам. Па, вашите луѓе дојдоа да се тепаат и сами признавте дека сте дале пари и велите дека тоа е измислица. И, одеднаш, г. Бранко, последен пат ќе ве повикам, вие рековте дека народот е носител на власта и дека треба да се слуша неговиот глас. Од таму се проистекнува. Јас се сложувам, бидејќи таква е уставната категорија. па, вие цело време од 25 август наваму стоите на страната на тие, кои се спротивставија на народот. Народот го прогласивте за толпа, за насилници и пукавте во нив. И, сега, доаѓате одеднаш викате, од каде ова може да се случи. Па, Ѓорѓи Тодоров пукаше, имате две жртви. Тоа го заборавате. Тој е ваш и вие со него се солидарисувате дека тој е многу арен, дека е многу напреден и се друго.

Господине Бранко, од совесноста никој не бега, па верувајте и вие. Кривичната одговорност, јас на еден од ваши овдека, мислам дека беше Реган, од оваа говорница, само поинакво беше решението, му одговорив, г. Реган вие не се плашите, додека СДСМ е на власт, вие нема да имате одговорност, меѓутоа совесноста не можете да ја исперете од себе. Ова го повторувам по втор пат, г. Бранко, не што не е СДСМ на власт, додека вие ова го правите, додека организирате скандали и дивјаштво во Македонија, навистина нема да има демократија. Вие, треба да ви биде јасно тоа, ваши рекетари, зарем не имате симбол на партијата, наместо петокрака и ружата, вие на вас ви е пендрекот и дрвените палки симбол. Така, од сега натаму ќе ве викаме, да знаете.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на потпретседателот Стојановски.

За реплика се јави пратеникот Котевски Ѓорѓи.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа.

Морам да признам од овој говор што го одржа г. Бранко Црвенковски јас сериозно сум загрижен. Загрижен сум бидејќи неколку пати се обидов не само во пратеничките групи на политичките партии при договарањето, да направиме нешто оваа седница да добие сосема нормален тек и политичките состојби во Република Македонија да се движат по некоја друга насока, за жал анализирајќи го говорот на Бранко Црвенковски, утврдив дека лидерот на СДСМ, како можам да го наречам, лидер на опозицијата во Република Македонија,

на здружената опозиција, не ми дава надеж дека вратите се подотворени, може да се разговара, може да се преговара за виталните интереси, за виталните проекти што треба да ги направи Република Македонија во иднина, за кој треба да имаме не само консензус, реков и претходно, дури и некои законски проекти или одлуки на оваа држава, да ги носиме со акламација. Тоа ќе биде легитимитет, тоа ќе биде углед пред меѓународната јавност и за другите што не следат однадвор. Меѓутоа, ова што сега г. Бранко го истакна е многу опасно. Јас лично се обраќам до вас, г. Бранко Црвенковски. Власта извира од народот. Власта со кругот, граѓанинот со кругот дава и ја зема власта. Вие имавте шанса 8 години даде круг за вас народот, граѓаните, вие владеевте. Овие последни избори даде круг за оваа позиција која е денес во Република Македонија. Меѓутоа, вие како личност, ниту имате право, ниту законско, ниту уставно, ниту морално, ниту човечко или било какво да кажете дека Љубчо Георгиевски не може да биде власта. Ако е желба на народот, може да биде не само Љубчо, дури и некој, да не претерам во изразот, некоја политичка партија, која може да има крајно, крајно поинакви политички гледишта, како што беше политичката партија во Австрија.

Сакам да кажам, ваквото алудирање, ваквиот ваш став носи до насилно рушење на власта во Република Македонија. Против уставно решавање на работите во државата, против законско, и јас мислам како лидер на политичка партија, најмалку треба еден ваков однос и пристап кон нештата во државата. Ги прифаќам оние ваши, се надевам дека се точни изјави, бидејќи можев и во претходниот период да ги проверам за примопредавањата на власта, за одредени договарања и за она што кажавте дека во најголемата криза, навистина, тоа беше став и на претседателот на нашата политичка партија, Љубчо Георгиевски, за конструктивниот став на СДСМ итн. Се ги прифаќам, меѓутоа, она што вие сте го наумиле да го правите во името на народот, а немате право да го правите, бидејќи изворноста потекнува од народот и ние сме само следбеници или претставници на таа власт, навистина, е решавање на работите во Македонија вон институционално. А, цело време зборувате за правна држава, за Уставот на Република Македонија, за спроведување на законите на Република Македонија.

На крајот, јас навистина, од 1990 година бевме г. Бранко Црвенковски во истата Комисија за надворешна политика на Република Македонија. Бевте и претседател. За одредени работи многу ви верував.

Најискрено зборувам дека ви верував, многу ви верував. Најискрено ви зборувам дека ви верував и влечевме некои чекори тогаш кога одевме во Стразбург, ако добро се сеќавате и со господинот Ештреф Алиу. Бевме тројката која некои работи ги правевме. Ви вирував, дури да ви кажам дека ќе се обрачунате и со октоподот кога овде тоа одекна гласно и во цела Република Македонија, дури и тие што беа скептици во ликот на Бранко Црвенковски, поверуваа дека сега ќе се пресече ова зло во државата.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:** (Продолжение)

Сега сакам едно последно прашање да ти поставам, дали мислите решавањето на проблемот со власта во Република Македонија да го направите на истиот начин како што го направивте со октоподот во поранешното владеење на СДСМ? Навистина сакам одговор, па да знам понатаму, како млад човек, како млад политичар кој има добра перспектива, се надевам доколку либералните сили во вашата партија не направат некоја промена, да ве променат заради лошо водената кампања и постојаното губење на изборите, да ми одговорите на ова прашање за да знам во иднина како политички да се однесувам и кон вас, лично, како лидер на политичката партија, но и на СДСМ, како заменик координатор на ВМРО-ДПМНЕ. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Котевски Ѓорѓи.

За реплика се јави г-динот Спасов Горѓи.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Не се јавувам со намера да го бранам Бранко Црвенковски. Тој е доволно способен самиот да се одбрани од овој тип на напади што се присутни во Парламентот. Не.

Меѓутоа, се јавив само да укажам на една работа. Патолошката омраза на г-динот Стојановски Томислав кон СДСМ е негова лична работа и тој, вистина, не малку пати досега покажал колку силно го мрази, колку силно не може да го поднесува и колку

силно смета дека тие, всушност, се главната штета што постои на политичката сцена на Република Македонија.

Меѓутоа, она за што сакам да реплицирам, тоа е дека овој г-дин колега си дозволува денеска да ја брани Владата и сето она што го прават структурите во власта, вклучени во сето ова изборно насилство на еден многу опасен начин. Тој, меѓу другото, изјави, всушност, сите оние што страдаа за време на овие насилства, вклучително и оние кои отидоа да ги нападнат пратениците од овој Парламент, вклучително и убиениот Фатмир Јакупи, вклучително и оние кои се погодени во глава со куршум, вклучително и оние кои се тепани се криминалци. Затоа што само криминалците страдале во таквите судири.

Ако е тоа тезата на оваа власт, ако е тоа оправдувањето на оваа власт, тогаш таа власт, вистина, не е одговорна. Таа власт всушност е заштитена од овие што седат во нашите редови и што и ги даваат ваквите оправдувања и што и одобруваат да го прави она што го прави. И, бидете убедени дека на крајот самите ќе бидат нејзината жртва. Оној ден, кога на тие ќе им се случи нешто такво, тогаш самите таквата власт од нејзините бранители ќе бидат прогласени за криминалци и тогаш веќе ќе нема кој да ги одбрани. Тоа е едната работа што сакав да ја кажам.

Во врска со г-динот Ѓорѓи Котевски кој говори дека опозицијата го предизвика насилството, човекот несомнено не разбрал една единствена работа, дека во било која држава, било таа да се викала Бугарија, Србија или Боливија, каде што не се обезбедени услови за ненасилна промена на власта, тоа е основниот мотив што предизвикува улично насилство и промени на оној начин какви што не можат да се случат во земјите со цивилизирана демократија и *со* консолидирани демократии. Ако оваа власт смета дека тоа е начинот на нејзиното опстојување, независно од тоа што мисли народот и како тој изборно се определува, тогаш по сите критериуми таа ќе биде единствениот предизвикувач и, бидете убедени дека нема да има по некоја судбина од сите режими во историјата на човештвото што завршиле токму на тој начин, што не дозволувале ненасилна промена на власта.

Имаме искуство и во овој Парламент како тоа не се почитувало, било кое малцинство, а во овој случај политичкото малцинство. Малцинството на кое што не му се достапни и проодни институциите на државата, нему единствено му останува улицата. А вие, господо од парламентарното мнозинство, на овие парламентарни избори, ако ништо повеќе, можевте да слушнете една порака на овој народ. Тоа е дека всушност, ја уживаат понатаму поддршката само на 12% од избирачкото тело на Македонија и ништо повеќе. Ако вие се обидете само со таа поддршка, 12% од избирачкото тело во Македонија, понатаму продолжите *со* сопствената политика, тогаш немојте да се прашувате зошто ќе ви се случи тоа што ќе ви се случи. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Спасов Ѓорѓи.

Повторно за реплика се јави потпретседателот на Собранието Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас, навистина, на Ѓорѓи Спасов му благодарам што констатира дека јас сум дошол случајно во политиката. Само едно не знае дека јас не сум случајна рожба. Јас сум рожба на кејф на моите родители. Тоа треба да му биде јасно. И, ако биолошкиот момент не го познава, тогаш колку ќе му биде силен социолошкиот момент?

Јас не го разбирам во што е мојата злоба? Дали ако некој извади пари, му даде пендрек во рака или палка, го прати да оди да тепа и таму да настрада, дека јас сум виновен за тоа? Да сум јас случајно што се појавил? Ама тој е виновен, дал пари. Одговорноста е еднаква и кај нарачателот и кај организаторот и кај извршителот. Г-дин Ѓорѓи во кој од тие три основи се наоѓам. Јас зборував за криминал што се случил.

Господо, мора да сфатиме едно, кој кому и колку му е познато правото и односот во општеството, е индивидуална работа. Колку на г-дин Ѓорѓи тоа му е познато, тој самиот ќе знае.

Едно е вистина. Овде имаме насилие. Одговара насилникот и организаторот. Него не можам да го разберам како може и Бранко Црвенковски и Ѓорѓи Спасовски да замислат пред тепање и пред убиство таму да биде полиција? Па, знаете ли кој знае кога и на кое место ќе бидат? Тој што организира кражба, убиство, пљачка, силовање, тие знаат и имаат план. Ако планот нешто им се изјалови, тогаш доаѓа до страдање. Меѓутоа, овие луѓе се нарачатели на тоа. Она младо дете успеаја да го доведат за 500 денари, да го одведат во Охрид и сега да велат некој го отепал. Па, зошто не кажаа што е таму.

Господо од СДСМ, јас не ве мразам вас. Јас вас ве нарекувам Македонци.

Самиот се нарекувам Македонец. Вие денеска овде државте теорија и во вашата потсвест, дека е некој бугарин. Кажете, кој кого мрази? Јас вас или вие мене? Мразите по крви и род Македонец, а викате тој вас да ве сака!

Овде мора да се одговори на прашањето. Зошто од Струмица, имаме слики само на коли без таблички, со бугарска табличка. Тоа сценарио доаѓа и во Охрид. Зошто вие господо од, А-1 од Сител не снимавте кој беше во тие возила, кој возеше, кој таму ги однесе, кои се тие луѓе? Па, вие сами сте организирале, вие сами треба да знаете, вие треба да стигнете заедно со нив. Па, дозволете, вие снимавте таму луѓе цигани кои немаат врска со колата. Кој ги возеше колите? Вашите луѓе. Кој беше во колите? Вашите луѓе.

Имате еден многу убав аршин. Ако треба да кажете кој е, ако е ваш е непознат. А, ако не, ептен дојдете во шкрипац, па тоа е власта. Ве молам, каде сте виделе за арамија власт да одговара? Па, ако е тој соодносот, јас да ви се придружам, ама не сум ваша сорта.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на потпретседателот Стојановски Томислав.

Сигурно повторно за реплика се јавува г-динот пратеник Котевски Ѓорѓи.

**КОТЕВСКИ ЃОРЃИ:**

Почитувани пратеници, бев предизвикан повторно да се јавам. На г-динот Спасов, навистина би му советувал да не се труди да ни дава лекции за основни работи за смена на власт, за насилно менување на власта, за изборноста на власта, за политичкиот систем, за повеќепартиски систем. Ние, со Уставот на РМ јасно се определивме. Имаме повеќе партии и јас тоа јасно го кажав дека изборот е кај народот. Народот дава, народот зема. Народот мрази, гласа против нас или нема да гласа против нас. Тоа е толку јасно утврдено и со законите и тоа гарантирано право, верувајте, со сите наши законски акти и знаете дека во минатото, за правото на глас на граѓаните се лееше и крв во одредени земји. Сега ние тоа го стекнавме во сосема нормални услови и тука не треба посебни предавања.

Друго што сакав да кажам, ме загрижува една работа г-дине Спасов. Ние, не зрачиме со малку љубов и кон оние што ги сметаме како опозиција. Јас никогаш не велам дека во сите, кај вас луѓе кои се, не се политички изградени, не се добри бизнисмени, не знаат да ја водат политиката, па ниту велам дека сите сте најзнаени и дека сте вие најкомпетентните во оваа држава. И од оваа страна има многу паметни и од таа страна. Но, има паметни и на третата страна кои се наоѓаат по разни катчиња, во разни канцеларии, кои не слушаат, не следат и се прашуваат какви луѓе не претставуваат?

Но, знаете што е, јас сакам уште една работа да се случи во Република Македонија. Да сфати граѓанинот на државата, дека повеќе не смее да гласа само за политичка партија. Треба да гласа и за личноста. Уште тој критериум ако се изостри, навистина, народот точно ќе знае како треба да гласа и за кого ќе гласа. Јас не знам зошто се загрижувате кога нам угледот ни паѓа, како коалиција или како политичка партија.

Имаме само 12% од гласачкото тело. Тоа ви е доволен показател дека наредните избори, ако одиме по таква линија, ќе ги изгубиме, немате потреба од таква агресивна кампања тука. Значи, работите се одвиваат во убава работа за вас. Ние, според Уставот на РМ имаме мандат од 4 години. Ако коалицијата не е подмачкана, ако не функционира како што треба, можат да се случат некои работи. Меѓутоа, тоа право се знае како се одвива во државата, секој друг начин, секој друг метод е насилно уривање на таа власт и сите други методи се недозволени. Тоа не води кон граѓанска држава и не води кон проширување на демократските права и слободи на граѓаните во РМ. Бидејќи сета таа расправа, сите тие негативни енергии треба да ги истуриме во ова Собрание, а не да ги сееме помеѓу народот. Затоа е овој дом, претставнички дом на сите политички партии за кои народот дал глас и ги претставуваме.

Тоа беше моето појаснување. Во иднина не се трудите да држите семинари околу тоа сум знаел не сум знаел. Можеме на страна да разговараме околу тие работи.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Котевски Ѓорѓи.

За реплика се јави г-динот пратеник Спанаков Ристо.

**СПАНАКОВ РИСТО:**

Само момент, на г-динот Спасов да реплицирам.

Почитуван потпретседателе, сакав само една кратка реплика на пратеникот Спасов, дали случајно или намерно, меѓутоа му се поткрадна една мисла, дека на парламентарните избори добиле толку проценти повеќе. Само да го потсетам г-динот Спасов дека се работеше за локални

избори, локална самоуправа, избор на градоначалници. Незнам дали е случајно или намерно, меѓутоа не е ова прв пат, така што морав да реплицирам. И ан г-динот Бузлевски мислам дека му реплицирав на истава тема, така што му реплицирам и на г-динот Спасов.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г-динот Спанаков Ристо.

За реплика се јави г-динот Спасов Ѓорѓи.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Прво, дозволете ми во однос на процентите само да кажам:

ВМРО-ДПМНЕ во 1998 година освои 49 пратенички мандати, само со 30 илјади гласови освоени повеќе од СДСМ. Токму тие 30 илјади гласови повеќе освоени ги користи како основа да докажува, дека во име на народот може да прави се што сака и како што сака.

Само сакав да упатам каде се топат тие гласови за време на владеењето на политичките партии и кој сака тоа да го разбере, може да го разбере.

Тоа што г-динот Котевски не сака да го слушне, тоа е она што всушност сакам да го кажам, не во форма на семинари, не како подучување на доблеста на политичкиот систем и кое што претпоставувам дека нему му е совршено јасно, точно е дека во историјата на човештвото имало многу битки да се дојде до уставна граѓанска демократија, да се дојде до партиски и политички плурализам. Меѓутоа, историјата на човештвото памти многу парламентарни демократии што завршиле во политички диктатури. Тие завршиле во политички диктатури на тој начин што се нашла една партија што, всушност, низ различни методи на примена на политичкото насилство го оневозможила понатаму ненасилното менување на власта и, на некој начин, со изборното насилство што тие го применувале и со примена на методи на политичко насилство го укинала постоењето на Уставот.

А, за тоа на кој начин се прави Македонија, доста беше говорено во овие три недели и пред малку слушнавте многу голема аргументација, оттаму, не е само да имате Устав и да имате само политички партии. Ако во еден момент од развојот на вашата држава, да почувствувате дека се појавуваат политички партии со намери, всушност, да не дозволуваат почитување на Уставот, законите на парламентарната демократија и дека тие, со примената на политичкото насилство нема да дозволат било каква промена на власта во земјата, тогаш тоа води во онаа насока за која што говорев и не остава поинаков простор на опозиционите политички партии.

Оттаму, ако е ова парламентарен дом во кој што треба да се санкционираат таквите нешта тогаш, парламентарното мнозинство, ако ништо повеќе, ќе го дозволеше тоа да се отвори таа расправа, а не на оној начин да отфрла и да биде изнудувана, за да можеме прво да проговориме, иако сме без надеж дека овој дом ќе ја принуди власта на поинакво однесување од она што го има. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Уште еднаш му благодарам на пратеникот Спасов Ѓорѓи.

Уште една за реплика се јавува пратеникот Стојменов Златко.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван потпретседателе, морам да забележам преку реплика еден момент.

Видете, г-динот Томислав Стојановски се повика на еден медиум, на медиумите, мислам дека ги спомна "Сител", А-1 и незнам кои, да ги сликаат, да ги идентификуваат луѓето со таблиците.

Јас, нему, навистина му замерувам дека не знае дека во оваа држава сторителите на прекршоци треба некој друг да ги идентификува и да ги открива. Дали тој свесно тоа го пропушти во својот дел од говорот или намерно, оставам на вас да процените. Меѓутоа, ако тие не ги идентификуваа "Сител " и А-1 сторителите, се прашувам зошто МВР не ги идентификува каменувачите и сторителите, учесниците во толпа за време на нападите на домовите на пратениците? Медиумите навистина не се обврзани со законот да реагираат. Меѓутоа во оваа држава има некој кој е обврзан со закон да реагира и да ги идентификува напаѓачите на домовите и прекршителите во сите овие настани.

Е сега, ако некој требаше да ги сними сторителите и во Струмица и при нападите на нашите домови, тоа требаше да го стори МВР и тука треба да се бара одговорноста и размислувањето околу одговорноста за наоѓањето на сторителите.

За да не се јавувам по втор пат, ќе додадам уште нешто.

Во мојата дискусија кажав дека г-ѓата Марковска не била никогаш репресирана и навистина не бев запознат дека, навистина, била репресирана за време на своите премини. Тоа го разбирам и

сметам дека е неисправно ако била навистина репресирана. Меѓутоа, не можам друго нешто да разберам. Зошто таа не можеше да ги разбере своите колеги пратеници кои беа тероризирани, напаѓани и ден денес нивните семејства се тероризирани и малтретирани? Зошто гласаше против ставањето на Информацијата на дневен ред во Собранието? Каде е тука нејзиниот еднаков аршин во сфаќањето на репресиите и размислувањата околу колегите пратеници, институтот на пратеник во ова Собрание? И, воопшто, за статусот на Парламентот во оваа држава. Дали со вакви двојни аршини не се руши дигнитетот на Парламентот? Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Стојменов Златко.

Да го слушнеме и потпретседателот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дине Стојменов, вие мене ми се обративте, веројатно не следејќи го тоа што јас го говорев. Јас говорев како нешто се организира, како се стигнува и како се страда. Дека сите нарушувања, дали се тоа од областа на јавен ред, од областа на кривичното право или од областа на достоинството, прв пат тоа доаѓа од оној кој го извршува делото. Никој не може да знае што некој пред тоа мисли. А, затоа што овие се знаеја и затоа го организираа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**
(Продолжение)

Кога се повикав на ТВ Сител, за вас г. Стојменов вие говорите дека сте тероризирани, дека немате спокојство. Вие сте многу силни овде. Значи кој ве тероризира. Знаете ли каде да се обратите. Вие таму не смеете да отидете, ако е така. Јас не знам до каде ќе стигнете со глупоста. Ве молам, вие зборувате дека некој ве тероризира. Ако беше тероризам ние овдека сме од вас тероризирани 10 дена. Ние сме избрани луѓе. Господинот Бранко Црвенковски вели дека власта извира од народот. Тој е единствениот носител. И сега, тие што вас ве избрале, вие од нив чувствувате терор. Не бегајте од тој што ве избрал. Погодете се со него. Разберете се. Дајте му ваше уверување. Вие 10 дена зборувате за програма. Вие сте слободни граѓани. Никој ништо не ви може. Ако се огледате на некој друг што носи пиштоли, па да бара заштита, нема таква заштита. Треба да ме разберете. Јас не знам до каде ќе оди ова.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Да го слушнеме уште еднаш пратеникот Стојменов Златко, а потоа пратеникот Ѓорѓи Котевски.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Навистина, јас не го сфатив одговорот на г. Стојановски, тој кој треба да ги идентификува сторителите на кривични дела, тој тоа не го појасни и го прашувам дали со тоа, на начинот како објасни, смета дека граѓаните на оваа држава ќе се сметаат за сигурни ако вака го објаснува откривањето на делата, новинарите да треба да ги сликаат и да ги идентификуваат сторителите па и организаторите.

Околу организаторите, верувајте, во Штип имате над 100 сведоци. Дојдете, еве, во заклучоците да гласаме, независна група од Парламентот, кои ќе ви идентификуваат многу организатори и повикувачи преку телефон на толпа. Тие треба да ги фати и идентификува во оваа држава, а тоа тој некој е сервисот изгласан од овој Парламент, наречен МВР. Тоа е сервис на граѓаните. Околу тоа толку. Меѓутоа, дека постои терор, постои во Македонија, а тоа е и теророт од овој вид. Вербален терор, со неучтивости и немање мерка што се зборува од говорницата. Тоа го покажа со спомнување со спомнување на глупостите портпаролот на Владата, денес истиот збор го употребува синхронизирано г. Стојановски, јас не знам до каде ќе оди ова дезавуирање на Парламентот и на функцијата пратеник со вакви навреди и нискости со кои се служи г. Стојановски од говорницата. Имено, ова е благо нешто што го изрече околу глупостите, бидејќи пред некој ден колку што слушнав пцуел на Парламентот, така што не е ништо невообичаено ова што го прави.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам уште еднаш на пратеникот Златко Стојменов.

Да го слушнеме уште еднаш пратеникот Ѓорги Котевски и да завршиме со репликите, за да можеме да му дадеме збор на пратеникот Абдулади Вејсели и да ја прекинеме со неговата дискусија денешната седница.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Длабоко се извинувам што морав по трет пат да се јавам на говорница. Јас го разбирам политичкиот натпревар, го разбирам и политичкиот профит, што секоја политичка партија треба да го добие по оваа политичка битка и некој

политичар да книжи на своето конто повеќе поени. Меѓутоа, јас сепак, сакам поголема искреност. Во сите овие настапи, во сета оваа аналитика на изборите што се случија во Република Македонија, многу од пратениците кажаа и укажаа. За одредени работи се согласивме. Јас мислам дека нема пратеник што не се согласува дека теророт е зло кое треба да се спречи во било колкава мера да се јавува во Република Македонија. Не само на локалните избори и на парламентарните, туку воопшто во државата, како појава. Тука немаме разидување. Зошто е мојата загриженост? Мојата загриженост е дека ние како политички партии треба да го облагородуваме политичкиот амбиент во државата. Да ги ослободиме граѓаните од политичката пресија. Тие да се чувствуваат како наградени или повластени од нашите политички програми, со тоа што го нудиме како прогрес, за она што треба да гласаат граѓаните на Република Македонија, а не од тежината на пендракот, не од тежината на ножот, на камата, да се заплашуваат за да гласаат за едните или за другите. Тоа треба да го разграничиме.

Јас сакам да отвориме дијалог за тие прашања, за кои сум уверен дека нашите закони не се совршени. Тие можат да се доградуваат, можат да се изменат. И во најмала мерка, ако треба да бидеме ригорозни, најригорозни по сите овие избори, да ги засилиме институциите на државата, каде што може да се интервенира на овие избори. Да изнајдеме било какви облици и форми, само за да се избегнат овие работи. Меѓутоа, не смееме да ги затвораме портите пред носот, и како политички партии да не разговараме, а тоа се пренесува на граѓаните. Ние ги поларизиравме граѓаните да се спротивставуваат меѓу себе. Тоа не смееме да го правиме, затоа што може да биде еден брат од едната страна а другиот брат може да биде од другата страна. Каде е резонот ние да ги судруваме, или да правиме конфликти. Затоа велам трезвено. Отворете ги вратите, а малку треба да сфати и вашиот лидер дека денеска е денот на демократијата. Ден каде што треба некои работи да ги унапредуваме, а не да ги враќаме назад. Затоа, треба да седнеме да се договараме како политички субјекти. Тоа е добро и за државата, тоа е многу добро и за граѓаните, за да можеме тешкото бреме што го имаме зад нас, или некои нерасчистени, не дообликувани работи да ги фрлиме ад акта и да кажеме дека доста е со тие заоставштини и повеќе да не расправаме. Имаме подобра иднина која можеме да им ја понудиме на граѓаните, бидејќи навистина, заслужуваат подобро од нас. Инаку, јас навистина, не гледам излез од оваа состојба.

Јас во Битола нај искрено, ви кажувам дека, иако сме позиција во власта, јас се чувствував како опозиција. Во Битола загубивме добар дел од изборите. Но немаше ниту еден конфликт, ниту еден неред. Нели тоа доволно ви зборува за нашата политичка ориентираност и за нашата нееднаквост во поглед на проценката што вие или ние сакаме да ја направиме.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г. пратеник Ѓорги Котевски.

За збор се јавува г. пратеник Абдулади Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници.

Сите ние тука треба да се залагаме, па ако треба и подоцна денеска да работиме, за да се заврши ова. Мислам дека тоа ќе биде прифатливо за сите, бидејќи работиме веќе трета недела. Сметам дека е прифатливо и за сите пратеници дека ја девалвиравме оваа точка од дневниот ред. Овие денови, барем овие три недели додека се расправаше оваа точка, јас гледам дека воопшто нема интерес од страна на претседателот на Собранието да биде присутен барем на крајот од расправата на оваа седница. Значи, има еден уценувачки однос кон Собранието на Република Македонија, а тој уценувачки однос е кон сите пратеници. Тука ние сите зборуваме за некаква демократија, има или нема демократија, никој не ја прифаќа вината, никој не сака да ја зема вината во својот двор, било тоа да е позиција или опозиција.

Затоа, јас мислам дека демократијата во Република Македонија е загрозена, токму од ова место. Кога се сака му се одзема зборот на пратеникот, кога се сака, со волја на мнозинството му се скратува правото на пратеникот да дискутира. Тоа го видовме во ова Собрание. И ред други работи. Затоа, јас апелирам до сите пратеници, кога зборуваме за демократијата во целина,

треба сите да бидеме демократи, сите да прифатиме дел од вината што сме ја направиле во текот на овие избори. Меѓутоа, јас сепак ќе кажам дека најголемата вина и припаѓа на мнозинството, како што секогаш се изразува претседателот на Собранието.

Јас на претходната седница кажав дека од наредната седница во ова Собрание ќе зборувам на албански јазик. Меѓутоа, на оваа седница сакам да образложам зошто би го направил тоа.

Господа пратеници, целата македонска јавност знаете дека во ова Собрание албанските политички партии дојдоа со заедничка платформа, каде меѓу другото, беше и точка, каде што ќе се залагаме сите заедно во ова Собрание, да можеме да се изразуваме на својот мајчин јазик.

Вие знаете од почетокот по конституирањето на ова Собрание од страна на претседателот на Собранието беше кажано, дека воопшто на мнозинството на овој Парламент, нема да им смета, како се зборува и на друг јазик. Значи, на јазикот на националностите.

Од каде тоа право, да дојде претседател на туѓа држава да може да зборува на својот мајчин јазик, а тоа да не може пратеник, кој е граѓанин на оваа држава, кој е репрезент на своето гласачко тело. А јас сум претставник на Албанците, и го претставувам албанското гласачко тело во ова Собрание.

Од друга страна, јас го претставувам албанското гласачко тело во ова Собрание, а дали вие г. пратеници, сте го подигнале својот глас некогаш против Македонската радио-телевизија, или поточно Редакцијата на албански јазик. Знаете дека јас имам потреба да комуницирам со моето гласачко тело, и. имам потреба да комуницирам на мојот мајчин јазик.

Меѓутоа, тоа мене не ми е дозволено, дека има цензура во МТВ, посебно во Редакцијата на албански јазик. Истото тоа се случува и со весникот 'Флака" Не ги спомнувам другите приватни комерцијални телевизии или весници, поради тоа што само МТВ и весникот "Флака" се финансираат од страна на Буџетот на Република Македонија. Значи сите го даваме нашиот придонес, затоа сакаме тие да бидат сервис на сите граѓани во Република Македонија, без разлика дали се позиција или опозиција. Ние сме тука, еднаш за секогаш господине да му кажеме стоп на тоа што се случува. Тоа што се случуваше на теренот 2000-та година, тоа потекнува од некаде. Тоа не е еднаш дојден до таа ситуација. Ние тука ако не се залагаме еднаш за секогаш, да им речеме еднаш за секогаш стоп, кој друг ќе се залага. Ако ова место не е за тоа, да се расправа околу тоа, каде ќе расправаме на друго место. Јас верувајте, никаде не можам да го кажам мојот став. Јас ви кажав и претходно МТВ, Редакцијата за албански јазик, за мене е затворена. Весникот "Флака" за мене е затворен. Јас можам само по македонските весници да изјавувам. А како јас ќе комуницирам со моето гласачко тело. Затоа дојдовме до ваква состојба на локалните избори во 2000 година, затоа што јас не можев да го изразам моето мислење. Јас не можев ни каде да ја кажам вистината, реалноста. Затоа сите изјави во албанските весници не кореспондираат со реалноста. Ако ова место не е каде што јас можам да го кажам моето мислење, каде ќе можам на друго место. Сето ова мое образложение беше дека претходно најавив дека овде ќе зборувам на албански јазик. Меѓутоа, јас и денеска нема да го направам тоа, бидејќи претседавач е повторно г. Илјаз Халими. Наредната седница кога ќе биде претседателот на Собранието и тоа ќе го направам. Ќе го почитуваме мислењето дека човекот има право да промени мислење, да еволуира итн., меѓутоа, јас се сомневам на почетокот на таквите изјави, меѓутоа, тие изјави станаа и стварност дека тоа не е така. Јас тука не слушнав од пратениците да се задржат на темата на локалните избори 2000 година. Тие даваа оценки и анализи од 1990, 1994, 1996,1998 година итн.

Меѓутоа, едно треба на сите да ни биде јасно. На сите избори што ги спомнав од 1990 година до 1998 година, господа немаше загинати, немаше повредени. Првпат тоа се случува на локалните избори во 2000 година, во западниот дел на Македонија да има загинати и многу, многу ранети. Затоа и ПДП се повлече од вториот круг. За тоа треба да расправаме. За тоа треба да расправаме да не ни се повтори уште еднаш, дека отидовме назад. Кога на едно Косово, кое беше окупирано од страна на српскиот окупатор, кое се ослободи од силите на НАТО каде воспоставија ред. Вчера имаше избори. Таму изборите протекоа во најдобар ред. Таму луѓето беа во колона наредени еден по друг и гласаа фер и демократски. А да

ви кажам уште едно. Кога се гласа фер и демократски, се знае кој победува. Демократските сили. Зборувам кај албанскиот дел. Па нели сме Собрание? Нели сме суверена држава, треба да му честитаме на тој победник, на г. Ругова во Косово. Треба сите заеднички да ме поддржите во оваа насока. Останавме и зад една држава која имаше тоталитарен режим, која беше Србија. И таму изборите поминаа фер и демократски. Затоа, тука малку посериозно треба да размислиме, што понатаму со изборите во Македонија. Дали ќе се продолжи уште вака да се гласа.

Господа пратеници, таа информација што е од ПДП, некои ја нарекуваат лажна, невистинита и да не ги набројувам сите.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:** (Продолжение)

Ќе ви кажам само еден пример во Дебар се гласаше во првиот круг и тоа во прегласување на првиот круг, во првиот круг воопшто не се гласаше. Која е разликата меѓу ДПА и ПДП? Иако ПДП изгуби во Дебар меѓутоа која е разликата, ве молам. Разликата е многу мала 10-12%. Како е можно во некои избирачки места, тоа не се "некои", тоа се мнозинство, тоа се многу избирачки места, па ако почнам да ги набројувам ќе ми треба час и половина. Ако почнам со број, место. Како е можно да излезат на гласање 99%, а 89% да гласаат за ДПА, а 5% да гласаат за ПДП.

(Реакција од пратениците, а пратеникот престана да зборува).

Јас ќе чекам, нема проблем.

Понатаму, ги земам за пример градовите: Тетово, Гостивар, не само општините Тетово и Гостивар туку и новоформираните општини што произлегоа од тие две општини. Да направиме еден преглед на тие изборни единици или локални самоуправи каква што е територијалната поделба ќе видиме каде се гласало на чесен начин, а каде се гласало, не дека се гласало чесно, но тоа се нечесни гласови, не фер и не демократски. Јас знам дека вината никој нема да ја преземе. Ни нарачателите што ги нарачаа јуришниците да одат по избирачките места ни тие што ја извршија таа работа.

Ве молам господа пратеници до каде ќе не одведе ова, мислите дека профитирате краткотрајно во тоа да добиете градоначалници? Но, бидете убедени дека долготрајно губиме сите заедно. Добивте неколку градоначалници места јас незнам како тие градоначалници како ќе одат да седнат на тие фотелји и да си ја обавуваат својата функција кога самите се свесни како дошле до тие фотелји. Ве молам, јас тука очекував сите заедно од било која политичка партија да излеземе еднаш засекогаш и да им речеме дека овие можат да бидат последни, ја прифаќаме вината, меѓутоа, ви ветуваме дека на наредните избори ова нема да се случи.

Меѓутоа, јас овде тоа не го слушнав. Од сите дискутанти кои со своите дискусии излегоа тука на оваа говорница јас не видов дека има такво расположение некој да ја прифати вината. Ве молам, само на едно да се потсетиме ние ставивме легална точка на дневен ред Информација за локалните избори за 2000 година во западниот дел на Македонија. Што направивте? Иако ние пратениците од ПДП сакавме да образложиме зошто точката да остане на дневен ред, дека имаше предлог од друг пратеник да се симне точката од дневен ред. Што се случи? Претседателот на Собранието го стави на гласање дали точката треба да биде на дневен ред или не, па на крајот на краиштата ја прекина дискусијата. Каква демократија е тоа? Оттука почнуваат сите работи. Ајде сега тоа се случува во албанскиот западен дел, па не мора да биде на дневен ред. Но, кога се случи во цела Македонија претседателот и претседателството на Собранието веднаш сите точки ги поставија на дневен ред. За што гори. Ако во мојот двор се случи нешто - гори, а во туѓ двор ако се случи нешто - не гори. Јас мислам дека сите тука што сме требаше да го дигнеме нашиот глас дека требаше да остане, да ги кажеме вистински сите работи што настанаа во тој дел од Македонија на локалните избори.

Ние како ПДП господа пратеници знаевме дека пред да се одржат локалните избори ќе има неправилности. Знаевме. Тоа се случи во општина Тетово. Листата на советниците односно кандидати за советници од ПДП беше исфрлена поради тоа што се нашол некој на листата, па откако ја прифатил кандидатурата по месец дена откако поминале сите правни рокови се појавува и вели јас сум потпишал, меѓутоа, не сум потпишал за ова, за она, без некакви аргументи кои можат да ја повлечат листата. Меѓутоа, претседателот на изборната комисија во Тетово со мнозинство гласови, бидејќи доминира позицијата, ја исфрли советничката листа. Од тој момент се виде дека изборите во западниот дел на Македонија нема да бидат фер и демократски. Такви листи имаше на секаде во сите градови. Никаде претседател на

изборна комисија не исфрлил такво нешто. Меѓутоа, тоа се случи во Тетово. Такво нешто имаше и во општина Неготино, меѓутоа претседателот на изборната комисија не го зеде во предвид. Тој фалсификат што се планираше ние го почувствувавме, но сепак рековме може би тој фалсификат нема да биде толку голем за да не оштетите многу. Меѓутоа, едно тука треба да кажеме дека Албанците се цивилизирани и тие знаат да гласаат. Но, во што е проблемот? Проблемот не е дека Албанците гласале еден за повеќе. Албанците гласале така како што знаат да гласаат еден за еден, како што дозволува законот. Но, што да им правиме на тие насилнички групи, кои влегоа во избирачките одбори, со сила го земаа претседателот и членовите на избирачките одбори, ги затвораат во една просторија, ги пополнуваат кутиите и со сила ги носат претседателот и членовите на избирачкиот совет да потпишат записник. И изборите се регуларни. Тоа се случувало насекаде во Македонија. Таму каде не можеше ова да се случи за несреќа тоа се многу малку места, тоа се Градец, Добри Дол, Арачиново и многу места каде не можеа и немаа сила да навлезат насилничките групи за да пополнуваат кутии. Така се случи и Кондово, така се случија и сите други избирачки места, каде се сакаше на сила да се стават ливчиња во кутиите, а таму каде наидоа на отпор таму имаше пукање. Затоа овие избори ќе се паметат по тоа дека имаме еден загинат или двајца загинати и повеќе повредени. Затоа партијата за демократски просперитет рече. Ние не броиме гласови, ние броиме повредени. Ова никогаш на овие простори не се случувало. Јас ги спомнав сите, но има уште многу избирачки места со изборни комисии, ако продолжиме ќе ни треба цела вечер.

Меѓутоа, целата расправа во ова Собрание беше нашето инсистирање оваа точка да биде на дневен ред, да расправаме многу конструктивно околу овие работи за да во иднина не ни се случуваат такви работи. Ова се лоши работи не само за Албанците, туку за сите граѓани на Република Македонија.

Јас мислев дека од оваа седница навистина ќе извлечеме некоја поука како треба во иднина да се гласа. Меѓутоа, така тврдоглаво се оди од сите пратенички групи дека ако сте направиле еднаш насилство, тоа насилство треба да продолжи или насилството што сте го направиле, како дел од позицијата да го фрлите на опозицијата. Кои инструменти ги имала партијата за демократски просперитет, ја имала полицијата, Министерството за правда, итн.? Сега, сите тие работи ги направила партијата за демократски просперитет. Кои се тие механизми и инструменти кои ги имаме во раце да ги направиме? На пример, на неколку места каде сме сакале да го браниме гласот, таму сме биле нападнати од луѓе дојдени од други градови или други села, ве молам, ако одиме со оваа пракса, јас уште еднаш ќе повторам краткотрајно ќе добиете и ќе добивате не 22, туку 26 градоначалнички места, меѓутоа, долготрајно за нас тоа е губитничко. Дека го карате народот, затоа јас мислам дека од сето ова треба сите да учиме во иднина, да не ни се случува ова што се случило до сега. Дека ова се прв пат избори во Македонија каде имало загинато. Можеби имало и повредени. Можеби имало неправилности и во 1990, 1994, 1996, 1998 итн. по ред, меѓутоа ова не се случило во Македонија, ова прв пат се случува. Затоа сме многу барем јас и мојата пратеничка група сме многу заинтересирани за ова да донесеме соодветни заклучоци, да се казнуваат сите оние што направија неправилности кои се на штета на сите граѓани на Република Македонија. Јас мислам дека сите тука во ова Собрание треба да ги прифатиме тие заклучоци, дека тие се за доброто на сите нас. Тоа што се случува денеска, ајде сега ќе се промени власта па и тие утре да спроведуваат такви насилства врз другите. До каде ќе одиме со ова. Дали треба еднаш за секогаш да им речеме крај. Јас мислев дека од сета таа расправа што се водеше три недели на крај реков дека ќе најдеме заеднички јазик, еден консензус и дека треба да се стави крај на насилството. Меѓутоа, тука не гледам такво расположение. Ви благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г-динот Абдуладии Вејсели.

Ја прекинувам седницата, продолжуваме утре во 11,00 часот.

Ве молам притиснете на едно од копчињата од системот за гласање за да го утврдиме бројот на пратениците на седницата.

(Седницата прекина со работа во 18,15 часот).